Живко Фирфов



# Мелограмска колекција

## Песни 8

Живко Фирфов

# Мелограмска колекција
# Песни 8

Скопје, 2024 година

Живко Фирфов

# Мелограмска колекција
# Песни 8

Скопје, 2024 година

Живко ФИРФОВ
**МЕЛОГРАМСКА КОЛЕКЦИЈА ПЕСНИ 8**

Прво издание, Скопје, 2024.

Издавач
проф. д-р Димитрије БУЖАРОВСКИ

Уредници
проф. д-р Димитрије БУЖАРОВСКИ
проф. д-р Трена ЈОРДАНОСКА

Илустрации
Дафина ЈОРДАНОСКА

© Buzarovski, 2024

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

784.4.089.6(497.7)Фирфов,Ж.

ФИРФОВ, Живко
Мелограмска колекција [Електронски извор] : песни 8 / Живко Фирфов ; [уредници Димитрије Бужаровски, Трена Јорданоска ; илустратор Дафина Јорданоска]. - Скопје : Д. Бужаровски, 2024

Начин на пристапување (URL):
http://buzar.mk/. - Текст во ПДФ формат, XLII, 88 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 24.9.2024. - Регистар

ISBN 978-608-67089-7-9

а) Фирфов, Живко, 1906-1984 -- Мелограми б) Македонски народни песни -- Мелограми

COBISS.MK-ID 64455173

## Предговор кон првата книга

*Мелоѓрамската колекција Фирфов* во ИРАМ/БузАр ја донесе синот на Живко Фирфов – Милан Фирфов во 2003 година. По дигитализацијата на касетната *Колекција Фирфов* со која започна дејноста на трансферот на аналогните звучни носачи со фолклорни материјали во дигитален формат во ИРАМ/БузАр во 2002 година, Милан Фирфов предложи да ги дигитализираме необјавените мелограми од Живко Фирфов, главно работени во 1970-тите години. Со Милан Фирфов уште во 1990-тите се обидовме во повеќе наврати да ги добиеме мелограмите од Живко Фирфов останати во Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ кои Институтот не ги објавил. И тогаш, главната цел беше најнапред да ги препишеме со дигитален нотен процесор и на тој начин да ги подготвиме за објавување. За жал, во Институтот не наидовме на разбирање и по десетина години Милан Фирфов го донесе она што беше останато во нивниот дом.

Задачата да ги скенира и пренесе во нотен процесор ѝ беше доделена на Ирена Митевска (подоцна Ирена Митевска-Милевска) во тоа време студент на постдипломски студии на ФМУ и соработник во ИРАМ.

Митевска најнапред го скенираше оригиналниот материјал, а потоа мелограмите ги испиша во нотниот процесор Сибелиус. Воедно беше формирана и база со метаподатоците, во која беа евидентирани вкупно 383 единици. Целиот процес, вклучувајќи ги и проблемите во дигитализацијата, беше опишан во магистерскиот труд кој Ирена Митевска го изработи и одбрани во 2005 година.

Митевска вложи огромен труд во скенирањето и испишувањето на мелограмите, бидејќи нивното префрлање не беше техничка работа, туку на секој мелограм требаше да му се пристапи со големо внимание и разбирање и на музичките фрази и текстот и посебно на ракописот на Живко Фирфов. Така, Митевска ја направи првата редакција на овие мелограми при што договорено беше интервенциите да се прават исклучиво кај очигледни случајни грешки, односно мелограмите во Sibelius да се пренесат онака како што ги испишувал Живко Фирфов.

Во пролетта 2023 година одлучивме мелограмската колекција да се издаде во електронско издание, нешто за кое веќе имавме повеќегодишно искуство. На тој начин го задржавме и принципот да не бараме никакви финансиски средства, односно како и сите активности на БузАр и оваа да ја спроведеме на ентузијастичка, односно волонтерска основа. Задачата да ја направи оваа последна редакција и технички да го уреди изданието ја презеде Трена Јорданоска, која повеќе од една деценија ги подготвуваше изданијата на БузАр.

Исто така одлучивме дека изданието ќе го содржи мелограмот во дигиталниот формат (Сибелиус) и скенираните оригинални верзии од Живко Фирфов.

Со оглед на големиот број мелограми (383) одлучивме колекцијата да ја објавиме во повеќе изданија, кои би содржеле до 50 примери.

Најголемиот проблем што ја следеше дигитализацијата на овие мелограми беше што тие првично се работени како подготвителен материјал за натамошни изведби со оркестрите на Македонското радио и телевизија (МРТ). Затоа тие го немаат финалниот формат за печатење, односно објавување во книга. Сигурни сме дека ако Фирфов ги подготвувал за да ги предаде за уредување за печат, би пристапил на поинаков начин и како што се случува во другите изданија со негови мелограми, би ги категоризирал според одредени параметри.

Дилемите на Митевска каде и колку да се интервенира, се пренесоа и на вториот уредник Јорданоска, која дополнително внесе корекции за кои бевме сигурни дека се ненамерни грешки. На тој начин во целост е задржано основното ткиво на оваа мелограмска колекција изградено од нејзиниот автор Живко Фирфов.

Оригиналната верзија на мелограмите делумно содржеше и нумерација која уште при првиот дигитален трансфер не беше доследно следена. Како што кажавме, Фирфов не правел нумерација со групирање според категории, туку броевите на песните ги внесувал онака како што ги работел. И во оваа втора редакција си дозволивме корекции во редоследот на песните.

Постоеше опција кон песните да се додадат анализи за амбитусот и тонската низа (онака како што Фирфов го прави во повеќето од претходните печатени изданија со негови мелограми). Исто така, песните можеше да се организираат и според параметри, како на пример, метарот, или изедначат преку финската метода. Но, фактот што тие веќе се поставени во дигитален формат отвора можност дополнително, без потешкотии, да се прават анализи, посебно кога ќе се има предвид дека веќе живееме во времето на вештачката интелигенција.

Посебна благодарност искажуваме кон Дафина Јорданоска која со своите вињети придонесе ова издание да ја добие топлината и живоста на фолклорната музичка материја и на тој начин да се избегне сувопарноста и монотоноста на мелограмскиот запис.

Паралелно со подготовката на ова издание во БузАр започнавме со уште еден многу важен проект – *Мултимедијалниот корпус на македонски народни песни* (MCMFS). *Мелограмската колекција Фирфов* ја даде основата за првите песни кои влегоа во овој корпус, односно ги добија своите нумерички кодови. Со тоа дигитализацијата на оваа колекција уште повеќе доби во значење.

Охрид, 8 август 2023 година — Димитрије Бужаровски

## Предговор кон втората книга

Во втората книга од *Мелоґрамската колекција Фирфов* беа применети моделите на претставување и уредување на песните што беа утврдени со првата книга од овој циклус. Веројатно, како што ќе напредува циклусот, ќе забележиме уште некои детали кои благодарејќи на електронското издание ќе можат дополнително да се коригираат и во веќе издадените книги. Исто така, со деталната обработка во подготовката на секоја нова книга ќе се потврдуваат и некои од констатациите од предговорот за првата книга.

Така, на пример, и во оваа книга се потврдува дека мелограмите се работени за снимање и изведување на песните. Затоа Фирфов во некои од нив додава и двоглас и триглас, кои се негова интервенција, односно не се дел од изворната варијанта на песната. Пример за ова е песната бр. 56 „Мариче на стол седеше“, која во аудио снимката од *Колекцијата Фирфов* има само еден глас, а во мелограмот три. Уште покарактеристичен пример е песната бр. 93 „Моме стое на бунарот“ во која се јавува полифонија која наликува на канон. Овој пример е датиран од 1955 година со што делумно е фрлена светлина за причините на ваквите интервенции. Како што знаеме, Фирфов во крајот на 1940-тите интензивно работел на формирање пеачки групи низ цела Македонија, (кои се разликуваат од хоровите), кои изведувале народни песни во изворната форма или во вакви обработки. Ова било во согласност со тогашните пролеткултовски тенденции и масовното негување на фолклорот, еден вид аматеризам, за што не биле потребни професионални диригенти.

Инаку, покрај овој пример, и во првата книга, а и во оваа среќаваме песни кои прв пат се запишани уште во 1930-тите (според назнаките на Фирфов), наспроти доминантниот број на песни мелографирани во 1970-тите. Во радио емисиите со искажувања на Живко Фирфов, кои исто така се дигитализирани во архивот ИРАМ/БузАр, се споменува дека Фирфов оставил 6,500 мелограми во Институтот за фолклор, за што говоревме и во предговорот кон првата книга. Секако, многу би било интересно да се направи споредба меѓу нив и оваа колекција за да се утврдат принципите според кои Фирфов ги мелографирал песните.

Во оваа смисла, веќе со уредувањето на оваа група песни утврдивме дека Живко Фирфов осмините ноти ги испишува со бајрачиња кога на секоја осмина припаѓа еден слог, а кога слогот продолжува и на следната нота, односно ноти, ги поврзува. Ова доследно го применува во сите мелограми.

И во првата и во втората книга забележавме варијанти на една песна. Примери има повеќе. Во песните бр. 60 „Излего да се прошетам“ и бр. 62 „Излегов да се прошетам“ од втората книга се поклопуваат насловите и почетните делови на текстот. Првата песна е од с. Гари, Лазарополе, а втората од Кичевско. Во мелодиските линии се јавуваат сличности, но метро-ритмичката структура е сосема различна. Почетната интонација исто така се разликува. Друг пример е песната бр. 67 „Ој Алт’но моме“, односно бр. 19 „Ej Алт’но моме“ (од првата книга), двете од с. Ѓоноица, Гостиварско. Кај нив почетната интонација (С), метро-ритмичката структура и стиховите се поклопуваат, меѓутоа втората фраза и орнаментиката е тоа што ги разликува. Во првата книга се појавува и песна со три варијанти: бр. 3 „Ја излези Стојне“, бр. 32 „Стојне, Стојне“ и бр. 34 „Ој мори Стојне“.

Како што напишавме во предговорот кон првата книга, нашата нумерација нема да се совпадне со онаа која потекнува од Живко Фирфов. Затоа и овде може да се забележат разлики во броевите кои се јавуваат во скенираните песни, со нашите броеви.

Во скенираните верзии од песните се јавуваа и додатоци, за кои констатиравме дека според ракописот, не потекнуваат од Живко Фирфов. Одлучивме тие да се јавуваат во останатите податоци за мелограмот во загради. Исто така, одлучивме да поставуваме прашалник во заграда, онаму каде што не се читливи забелешките од Фирфов. Таков е примерот со песната бр. 52 „Мита мете рамни двори“ во која се јавува текстот *Од гр̄упа иг̑раорки на Гореш (?)*, во кој не е јасен последниот збор *Гореш*.

Кога се појавуваа големи разлики помеѓу стиховите потпишани под нотниот текст и текстот „во кутија“ (каде што се испишани сите строфи на песната), употребувавме варијанти А и Б, како на пример во бр. 55 „Ти моме, ти лудо“. Доколку разликите беа мали (на пример, бр. 44 „Горе на Пирина“) ги запишувавме во загради. Во овој пример се запишани и два различни наслови во нотниот и поетскиот текст. Примерот се јавува во аудиоколекцијата и одговара на поетскиот текст. Слична ситуација е со бр. 52 „Мита мети рамни двори“, која исто така се јавува во аудиоколекцијата, и која во запишаниот нотен текст има внатрешно проширување од еден такт, (7. такт – *дл̄го ме̄ше*), кое го нема во поетскиот текст и снимената верзија.

Како што беше кажано и во предговорот кон првата книга, интервениравме само онаму каде очигледно нешто беше испуштено, како на пример, во песната бр. 68 „А бре попе“, каде во вториот такт недостасува предзнак пред тонот F, или во бр. 56 „Мариче на стол седеше“, каде имаше испуштени знаци за репетиции.

Во бр. 75 „Оj детенце“, одлучивме вториот глас кој Фирфов го додал и кој полифоно се спротивставува на основниот глас на песната, да го издвоиме на посебно петолиние.

Во песната бр. 52 „Мита мете рамни двори“ не беше јасен почетокот на четвртиот такт кој ние го усогласивме според почетокот од 11. такт. Во снимката од оваа песна на тоа место се јавува извик.

Во песната бр. 53 „Ќе дом Тинке вечер да те крадам“ во текстот исчукан на машина Фирфов внел корекции на две места: наместо *ми си*, името *Мице*. По внимателно преслушување на снимката од аудиоколекцијата Фирфов исполнета од Тина Ташева (бр. 979), одлучивме секаде да го замениме *ми си* со *Мице* (онака како што назначил самиот Фирфов), бидејќи очигледно е дека кај крајното *е* настапува редукција во *и*, карактеристична за егејските говори. Во снимката се јавува и бурдон кој Фирфов не го испишал. Фирфов исто така ја запишал од третиот стих натаму, така што го реконструиравме и почетокот на песната.

Скопје, 19 септември 2023 година

Димитрије Бужаровски
Трена Јорданоска

## Предговор кон третата книга

Изработката на третата книга со мелограми од Живко Фирфов ги потврди заклучоците кои ги изнесовме во предговорите на претходните две книги. Во оваа смисла, и натаму се потврдува сознанието дека создавањето на оваа колекција било со практична намена, посебно за изведбите со чалгискиот ансамбл или со пејачки групи.

Песните од оваа колекција ги добивме организирани во три папки од самиот Фирфов. Така, со оваа книга завршуваат песните од првата папка и започнуваат од втората. Во претходните предговори веќе укажавме на отстапувањата помеѓу оригиналната нумерација на Фирфов и нашето издание на колекцијата. Овие разлики во нумерациите ќе бидат уште поистакнати натаму, како ќе се движиме низ колекцијата, бидејќи, на пример, во првата папка по песната „Бесилка се готви“ (кај нас бр. 102, изворно број 100) се појавуваат мелограми во кои нема конзистентна нумерација.

На почетокот на втората папка најпрво се вклучени списоци напишани од Фирфов со наслови на песни организирани според азбучен ред (дел од овие песни се вклучени во оваа збирка, но не можеме да откриеме за што бил наменет овој список). По нив следи издание за глас и пијано на композицијата *Biliana* (Based on a Theme Of A Macedonian Folk Song), Words and Music by Evan Georgeoff and Jivko Firfov, Concert Music Publishing Co., 1650 Broadway, New York 18, N. Y), како и листови со насловите и стиховите на песните „Вино пијам ем ракија“, „Јас те пратив на лозје Калино“, „Сношти минав покрај вази“, „Саноќ седам Трено“, „Ставај Донке“ и „Димна јуда“ испишани на машина.

Нашите сознанија поврзани и со аудиоколекцијата Фирфов, која исто така ја дигитализиравме во архивот ИРАМ/БузАр, говорат дека Фирфов и во снимањето и во мелографирањето ставал акцент на помалку познати песни, односно песни кои со време ќе се изгубат од репертоарот на народните пејачи. Се разбира, тоа не исклучува дека дел од нив останале популарни до денес, како на пример: бр. 114 „Пиле Трено“, бр. 115 „Черешна се од корен корнеше“, бр. 121 „Се посврши сербез Донка“, бр. 128 „Кажи Епсо“, бр. 130 „Болен ми лежи Миле Поп Јорданов“ (овде е мелографирана во 7/8, наместо 3/4 како што најчесто се изведува), бр. 143 „Ајде дали знаеш, паметуваш Милице“ и бр. 144 „Со маки сум се родила“, запишани во овој дел од мелограмската колекција.

Поголеми разлики во однос на содржината од претходните две книги, е појавата на песни од Македонија од други собирачи и мелографи, дел од нив издадени во други земји. Така, од бр. 106 до бр. 115 се јавуваат мелограми од Добри Христов (1875–1941, објавени како *66 народни п̄есни на Македонскит̄е Бълг̄ари*, Софија 1931; воедно хармонизирани за глас и пијано) и Лудвиг Куба (1863–1956, *Slovanstvo ve svých zpěvech, Písně makedonské*, Прага 1928). Затоа во забелешките кај овие песни ги вклучивме и списоците со броеви на песните нумерирани според изданијата на Христов и Куба. Исто така, видно е дека овие мелограми се напишани со поинаков ракопис од ракописот на Фирфов. Фирфов планирал да ја вклучи и песната „Сошила ми мајка елече“ (бр. 11 во изданието на Куба), бидејќи на задната страна на мелограмот бр. 107 ги запишал со фломастер стиховите на оваа песна. Во списоците на почетокот од втората папка Фирфов ги навел и песните „Темна магла низ полето“ (бр. 10 кај Христов) и „Димчета низам писале“ (бр. 12 кај Куба).

За песната бр. 119 „В царски палат“ Фирфов навел дека е изведена од информатор кој престојувал/бил од Софија, а е запишана од Иван Качулев во август 1958 година, но ракописот на мелограмот е на Фирфов. Песната бр. 121 „Се посврши сербез Донка“ е преземена од картотеката и нототеката на Радио Скопје, и во картичката за неа е наведено дека е запишана од М. Автовски во 1980 година. Таа е дел од од песните за кои Фирфов во аглите на мелограмите запишувал дека станува збор за одреден број на касета или лента, како и број на страница (на пр., бр. 143 „Ајде дали знаеш, паметуваш Милице“ и бр. 145 „Штом имаш мерак за мене“).

Секако, оваа книга ја издвојува и последната песна бр. 150 „Марш на македонските партизани“ (Фирфов навел во мелограмот дека ја работел во Горно Врановци, значаен политички и културен центар во кој во есента 1944 година се наоѓал Президиумот на АСНОМ, Централниот комитет на Комунистичката партија на Македонија и Главниот штаб на НОБ), и која, како и други партизански песни од овој период, се заснова на мелодија на советски авторски песни (во овој случај „Марш авиаторов“ од 1923 година). Таа е дел и од другите песни во оваа книга со тематика од НОБ, како на пр. бр. 116 „Стани, стани другар“ и бр. 143 „Буките развиваат браќа“.

И во оваа трета книга се јавуваат слични песни, на пр. бр. 103 „Садило моме“ и бр. 107 „Садило моме крај море лозје“ (изворно во изданието на Куба), кои се во различен тоналитет. Песната „Извор вода“ исто така се јавува во две варијанти, бр. 101 и бр. 127. Најголеми сличности се јавуваат кај песните бр. 117 „Блазе на Вичо Планина“ и бр. 118 „Блазе на Грамос Планина“, како и помеѓу песните бр. 63 „Ој Стојане сине“ (од втората збирка) и бр. 132 „Ој Стојане“. Песната бр. 131 „Ај детенце“ е варијанта на бр. 75 „Ој детенце“ од втората збирка, каде што се јавува во двогласна форма.

И во оваа збирка се појавуваат мелограми кои не се читливо запишани во нотниот текст. Таква е на пр., песната бр. 122 „Ај море седнала си Јана“ кај која постои двоумење за забележувањето во последните три такта. Во истата песна заради дијалектот и архаичниот изговор неразбирливи се зборовите од последната строфа. Неразбирливи зборови се јавуваат на повеќе места, на пр., бр. 124 „Кога мома умираше“. Во бр. 127 „Извор вода“ нејасно е името на информаторката Роска или Ратка. Во бр. 129 „Изникнало рајското цвеќе“ во насловот Фирфов го навел зборот *рајсконо*, кое го променивме во *рајскоᾱо*, соодветно на текстот. Како и во претходните збирки, кај нејасните зборови поставувавме прашалник, на пр., бр. 136 „Не мети Милке дворови“ и бр. 141 „Огин го гори“.

Во збирката се јавуваат и песни во кои по завршувањето на пејачкиот нотен текст, Фирфов започнал да запишува друг нотен текст кој наликува на припев, хармонизација или дел кој треба да биде отсвирен инструментално. Посебно интересен пример е хармонизацијата преку басовата линија во песната бр. 135 „Митре Влаот“. Во мелограмите на песните бр. 124 „Кога мома умираше“ и бр. 127 „Извор вода“ се направени дополнителни интервенции во однос на прима и секунда волта, додавани се долни терци во мелодиската линија, а на крајот се јавува и нотен текст без стихови. Во песната бр. 127 се јавуваат грешки и во однос на метриката: Фирфов на почетокот забележал 7/8 такт, а песната е во 7/16 такт. Во песната бр. 147 „Таму долу крај Солуна“ 4/4 се заменети со 2/2 за да се добие конзистентност во метриката. Наша интервенција беше направена и во 7. такт на песната бр. 130 „Болен ми лежи Миле Поп Јорданов“, каде беше испуштена осмината која треба да кореспондира со слого-

вите на зборот *неѓоваша*. Во мелограмот на песната бр. 149 „Даскале, море, даскале“ забележавме грешка со внесување на предзнакот за тонот **as**, која ја коригиравме, бидејќи е јасно дека песната е во **B-dur**, посебно поради финалниот тон.

Еден од оние примери кај кои се појавуваат поголеми недоследности во обликувањето на мелограмот е песната бр. 145 „Штом имаш мерак за мене“ каде се јавуваат нелогични повторувања на фразите, скокови во потпишаните стихови и појава на цртички меѓу стиховите за кои не е јасно дали нешто треба да се повтори. Во овој случај, решивме оваа песна да ја оставиме како што ја затекнавме во мелограмот, без да правиме интервенции.

Проблематичен е и мелограмот на песната бр. 146 „Ајде пукна пушка“. Фирфов овде воопшто не ги запишал стиховите, можеби поради тоа што навел дека е снимена. Варијанта на оваа песна се јавува во изданието на Бранко Каракаш (*Анѳологија на македонски народни ѳесни*, Скопје 1995), но кај Фирфов е мелографирана за терца пониско. Во мелограмот се јавува и припев.

Интересна е да се спомене и песната бр. 126 „Ајде море млад беќар“ во која Фирфов назначил дека се пее како дијалог од женски и машки глас.

Воопшто, песните собирани од Фирфов имаат многу елаборирани текстови. Таков е примерот со песната бр. 133 „Каравиљо, кара ли те нана“, снимена во Кратово во 1954 година, и заведена со запис на Фирфов (претпоставуваме во 1973 година) во картотеката на Радио Скопје.

Скопје, 1 февруари 2024 година

Димитрије Бужаровски
Трена Јорданоска

## Предговор кон четвртата книга

Четвртата книга од мелограмската колекција на Живко Фирфов ги зацврстува констатациите што беа искажани во предговорите за претходните три книги и ги проширува со нови информации и сознанија. Она што беше за нас посебно значајно е дека од застапените мелограми половината ги лоциравме во аудиоколекцијата, при тоа дел од песните најмалку со по две снимени изведби. Оваа комплементарност меѓу двете колекции овозможува подлабок увид и во карактеристиките на песните, но и во пристапот кон мелографирањето на Живко Фирфов. Имајќи предвид дека во една поширока смисла мелограмите се условна варијанта на песната, (бидејќи никогаш не е возможно мелограмот да биде дословна копија на изведбата, која, од друга страна, и кај ист изведувач може да варира од изведба до изведба), се доаѓа до суштината на музичкиот фолклор – тој егзистира во варијантите. Фиксирањето преку аудиозаписите ни оддалеку не значи дека тие се финалната верзија. Секое фиксирање на музичкото дело е само еден модус од неговата егзистенција. Уметничката суштина на музиката е во нејзината бескрајна креација. Со отворањето на *Мултимедијалниот корпус на македонски народни песни* (MCMFS), една од целните задачи беше да се добијат јадрата околу кои се градат варијантите на песните. Во некоја иднина кога ќе се постават што поголем број на песни, ќе може да се филтрираат и сознанија за основните модели околу кои се гради музичкиот фолклор, но и пошироко целата музика која на крајот потекнува од фолклорот. И во оваа колекција варијантите се градеа околу неколку елементи: во музичкиот дел – мелодиско-интервалските, метро-ритмичко, тонално-хармонските и артикулациските, и во текстуалниот – содржинските и изразните средства.

И во оваа збирка се јавија низа на песни од еден информатор (поголемиот дел се снимени и во аудиоколекцијата), на пример: од бр. 157 до 159 од Васка Пласкиева; од бр. 181 до 184 од Стеван Коцевски (во мелограмите е запишан со три различни имиња Стеван, Стојан и Славо); бр. 187 и 188 од Раде Здравковски; бр. 168 до 171 и бр. 174 од Павле Еринчев; и бр. 175 и 176 од Лазо Лазаров. Пет песни се од информаторот Миле Тодоровски бр. 195 и од бр. 197 до 200, а песни од него ќе се појават и на почетокот на следната збирка.

Дел мелограми се запишани на картички од Радио Скопје, како на пример, бр. 179 „Еднаш кога минав Ленче“, а во неколку мелограми забележани на нотна хартија Фирфов запишал снимена.

Пристапот на Фирфов кај запишаните припеви (кои вообичаено не се поставуваат во објавените збирки со народни песни, односно се оставени на придружните ансамбли и нивните водачи), е повеќе тие да бидат некој ориентир. Затоа се јавуваат испуштени предзнаци (бр. 157 „Планино Пирин планино“, бр. 169 „Мори моме Магде“, бр.175 „Таму долу под селото“, бр. 176 „А што беше мајка“ и бр. 198 „Се собрале комитите“ во кој е направена транспозиција), нечитливи тонови кои лежат и на линијата и во празнината на петтолинието, како и пропусти во бележењето на метро-ритмичките елементи (бр. 158 „Стефанке млада невесто“) и украсите (на пример, во бр. 176 „А што беше мајка“ во вториот такт забележаната група шеснаесеттини веројатно се изведува како украс). Затоа секаде при нивното финално бележење во Сибелиус е направена интервенција/корекција. Се јави и проблем со

бележење на квартолите и квинтолите, кои Фирфов некаде ги испишува со помалите нотни вредности, но ние одлучивме да не интервенираме за да се сочува неговиот пристап.

Кај песната бр. 158 „Стефанке млада невесто“ во првите шест такта не е внесен метарот и може да се претпостави дека кога би се средила соодветно ќе се јави комбинацијата 11/8 + 7/8. Следниот дел од песната во текстот е означен како брз (честа појава во македонскиот музички фолклор со прв бавен и втор брз дел), по што секако во исто брзо темпо би следел и припевот.

Песната бр. 167 „Заплакало е Мариово“ не е испишана до крај и се јавуваат и метричко/ритмички разлики од популарната верзија на оваа песна (во 8/8 метар). Веројатно Фирфов сметајќи дека е доволно позната повеќе внимание обрнал на текстот.

Кај песната бр. 156 „Пискот се слуша“ во воведниот дел, односно припевот, беа направени енхармонски замени на оние тонови кои во пеениот дел се забележани правилно.

Во оваа збирка се јавија четири песни со дополнителен мелограм покрај основниот со текстот. Така, во песната бр. 200 „Костадин душа збираше“ постои транспонирана верзија за голема терца надолу која Фирфов ја прешкртал, но ние одлучивме да ја препишеме, посебно што беше потпишан и текстот. Кај песната бр. 172 „Стегни го Јано, мори, орото“ ја вклучивме и втората варијанта со тоа што го потпишавме и текстот. Втората верзија од песната бр. 183 „Кога и да дојдам Наде“ не ја испишавме бидејќи недостасуваат предзнаци за да кореспондира со основната верзија. Во бр. 180 „Димчета војник го пратија“ исто така се појавува додатен запис кој не го префрливме во Сибелиус. Со оглед на структурата може да се претпостави дека Фирфов го замислил како припев.

Интервениравме и во текстовите, посебно онаму каде што Фирфов не го испишувал целиот текст, текстот не е соодветно поделен или заборавил да означи дека одреден стих или рефрен се повторуваат (такви примери се бр. 180 „Димчета војник го пратија“, бр. 164 „Сака цуцул да се жени“ и бр. 194 „Девојче бело“). Во бр. 183 „Кога и да дојдам Наде“, која е замислена како дијалог, направивме корекција на зборот *Наде* во *лудо* во шестата строфа поради обраќањето на женскиот лик кон машкиот.

Во бр. 151 „Засвири Стојан посвири“ и бр. 160 „Никнало цвеќе шарено“ во оригиналниот мелограм се потпишани по две строфи под нотите. Следејќи го нашиот принцип мелограмот во Сибелиус да ја содржи само првата строфа под нотниот запис, вторите строфи ги вклучивме во целокупниот текст на песната.

Во случај со песната бр. 154 „Стојна говеда тераше“, Фирфов не го запишал насловот, така што според традицијата на бележење на песните каде што недостасува наслов, го ставивме првиот стих. Покрај ова, направивме споредба и со варијантата на оваа песна во збирката *Македонски музички фолклор Песни 2* (Фирфов, Симоновски и Проданов 1959) бр. 306/43, каде исто така е забележано дека информаторот е од Куманово.

Во бр. 175 „Таму долу под селото“ вклучен е и текст на турски јазик. Стиховите на турски јазик ги оставивме онака како што ги забележал Фирфов со кирилично писмо.

На задната страна на листовите на кои се запишани песните бр. 196 „Стани моме стани“ и бр. 197 „Испрати ме малој моме“ се запишани стихови и од други песни („Што девојче видов“ и „Ај Бог да бие Мицко комита“) за кои не најдовме нотен запис и затоа не се вклучени во оваа колекција.

За нас беше интересна и песната бр. 164 „Сака цуцул да се жени“, бидејќи Живко Фирфов е препознатлив преку авторската хумористичната хорска композиција „Цуцул стои на грутка“. Не знаеме дали хумористичниот лик на птицата цуцул од бр. 164 го инспирирала за неговото хорско дело кое сепак има различна содржина.

Со оваа четврта книга се потврди и значењето на нашиот зафат и проект за дигитализација на мелограмите, и тоа не само преку скенирање, туку и запишување во дигитален нотен процесор. Минуциозната работа врз секој мелограм разоткри цели слоеви кои можеа да бидат незабележани при прегледот на скенираниот материјал, отвори нови прашања и дилеми и, секако, теориски теми за богатството на народното музичко творештво.

Скопје, 9 мај 2024 година

Димитрије Бужаровски
Трена Јорданоска

## Предговор кон петтата книга

Со песните од петтата книга продолжи да се збогатува разнородниот репертоар што Живко Фирфов го мелографирал во оваа мелограмска колекција. Всушност, импресионира што дури и во една група од неколку стотини мелограми се среќаваат толку разнородни музички модели, што е уште повеќе одраз на исклучителното богатство на македонскиот музички фолклор, сето на една релативно мала географска локација. Вообичаено, дури и во територијално многу поголеми музички култури се среќаваат многу помал број на модели од кои најдоминантните се стандардизираат како идентификација, музичко-културен идиом за препознавање. Кога би се обиделе дури и врз основа на само оваа колекција од мелограми да го издвоиме доминантниот културен идиом, ќе се сретнеме со невозможна задача. Ќе се појават толку модели што ќе се постави прашањето: а кој е тој доминантен модел?

И со овие 50 песни ќе се потврдат констатациите што веќе ги изнесовме во претходните предговори. Она што беше за нас значајно е дека се појавија уште 27 песни за кои лоциравме снимки во аудио *Колекцијата Фирфов*. Тоа ни овозможи проверки на некои нејасни делови и корекции онаму каде што сметавме дека се работи за ненамерни грешки. Така, на пример, во бр. 208 „Заплакала стара мајка“ го избришавме украсот на крајот на првата фраза, имајќи ја предвид мелодиската линија и начинот на кој Пара Поп Трпева на снимката ги изведува украсите. Освен тоа, и кога би останал украсот тој сигурно би бил со разрешено **e**, а не со **es**, како што е внесено во мелограмот. Се разбира, секоја ваква интервенција може да биде спорна, бидејќи во оригиналниот мелограм на Фирфов нема директна референца според која снимка е направен мелограмот (назнаката за пејачот не значи дека од тој пејач не се снимени повеќе изведби). По преслушувањето на аудиата интервениравме и во песната бр. 220 „Ја те пратив Павло“, во т. 3 од вториот ред, каде ги заменивме осмините со шеснаесеттини.

Како и претходно, наоѓавме недоследности во метричките ознаки (на пример, отсуство на ознака за промена на метарот), што и натаму ја потврдува констатацијата дека оваа колекција била во функција на изведби, а не печатење, што би барало финално прочистување (она што всушност ние го правиме, и секако би го направил и Фирфов кога колекцијата би ја подготвувал за печат). Така, на пример, по преслушувањето на песната бр. 204 „А мори моме црноока“, која во аудиоколекцијата ја изведува Тина Ташева, забележавме дека таа го следи 3/4 метар како основа, и во него прави отстапувања. Затоа, при оформувањето на овој мелограм ги оставивме само оние метрички ознаки на Фирфов кои соодветствуваа на нотните вредности забележани во тактот.

Сличен е и метричкиот проблем со песната бр. 210 „Бог да го бие море“ во која се јавуваат метрички недоследности во 6., 7.и 11. такт. Песната е со јасно 7/8 пулсирање и, се разбира, не можеме да утврдиме зошто Фирфов не го задржал метарот и во овие тактови, бидејќи немаме снимка од неа. Ние направивме верзија со корекцијата на овие тактови која ја претставуваме овде, но не се осмеливме да ја внесеме во дигитализираниот мелограм.

Коригирана верзија на 6., 7. такт и 11. такт во бр. 210 „Бог да го бие море“




Се разбира, останува отворено дали 6. и 11. такт можат да се испишат и како 8/8 (без триола), но поаѓајќи од пулсирањето на ритамот сепак одлучивме да не го менуваме 7/8 такт.

Покрај Пара Поп Трпева и Тина Ташева, во ова издание се јавуваат повеќе песни испеани од Костадинка Палазова, од кои дел исто така може да се лоцираат и во аудиоколекцијата. (Интересно е што бр. 233 „Ајде браќа на бојното поле“ е песна на Палазова од местото од каде што потекнува – с. Сеово, Гуменџе).

За нас беше посебно интересно дека популарната песна „Вечерајте мила мамо“, која се појави во оваа петта книга, во аудиоколекцијата е застапена дури со пет варијанти. Верзијата во мелограмот бр. 211 Фирфов ја направил согласно снимката на Костурчанки.

Во аудиоколекцијата ги лоцираме и песните од Мице Димитров, кои заедно со песните испеани од Браќата Стојанови, (кои, за жал, ги нема во аудиоколекцијата) ја чинат доминантната група на машки пејачи застапени во овие 50 песни.

Иако е ризично да се дополнуваат текстови коишто отсуствуваат во оригиналните мелограми, (бидејќи досегашното искуство го потврди постоењето на значајно различни текстуални варијанти), сепак одлучивме да ја искористиме аудиоколекцијата и со курзивно писмо да ги внесеме дополнетите текстови (оваа постапка веќе ја применивме и во *Мултимедијалниот корпус на македонски народни песни*, MCMFS). Овие дополнувања ги направивме во песните: бр. 206 „Абер ми дојде“, бр. 209 „Ај седнала ми Јана“ и бр. 231 „Пошла ми Дуда на воду“.

Поголема тешкотија имавме при реконструкција на испуштените зборови во песната бр. 223 „Аман лудо младо“ која ја пее Мице Димитров, каде во заграда и курзив се поставени зборови со најблиско значење кои можевме да ги разбереме со преслушување на снимената варијанта во аудиоколекцијата.

За жал, кај песната со бр. 219 „Ајде Стојанка је ле“ текстот како да останува недовршен – а не можевме никако да лоцираме снимена варијанта за проверка. Инаку блиска варијанта на песната се јавува и во *Македонски музички фолклор Песни 2* (Фирфов, Симоновски и Проданов 1959), каде дејствието исто така завршува со кажувањето на помалата сестра.

Продолживме и со интервенции кај испуштените или погрешните предзнаци. Така, во бр. 238 „Се свалила Митра“ беше коригиран очигледно испуштениот **cis** во последниот такт. За песните бр. 239 „Темен се“ и бр. 244 „Овчарче младо чубанче“ (и двете се изведуваат рубато, а првата има и бурдон) беше поставено **b** на почетокот за да се одбегне повторување на истата алтерација. Во песната бр. 244 се јавува зголемена кварта, што никако не одговара на тонската низа вообичаена за овој модел песни, и се разбира на вокалната практика (да се потсетиме само на средниот век кога била нарекувана *diabolus in musica*). Ние ја сниживме во чиста кварта, иако и во овој случај останува за споредба оригиналниот мелограм на Фирфов.

Очекувано, продолживме да ги евидентираме и варијантите на песните кои веќе се појавиле во претходните четири книги. Веќе првата песна од оваа книга, бр. 201 „Ние си бевме деветмина браќа“, претходно се јави како бр. 195 „Ајде ние бевме деветмина браќа“ од четвртата книга (во двата случаи пејачот е Миле Тодоровски). Многу блиски варијанти, во оваа смисла, се и броевите 232 и 71 (втора книга), „Сељам да му чиниш Боје“.

И во самата книга песните со број 222 и 238 „Се свалила Митра“ се варијанти, со разлики во тоналните основи, метарот и мелодиската линија, а бр. 222 која ја исполнува Мице Димитров, содржи и припев. Во аудиоколекцијата за оваа песна се јавуваат две снимени изведби, едната од Мице Димитров, што треба да кореспондира со бр. 222, а втората од Бапчорки. Во бр. 238 запишана е само првата строфа, но не го допишавме целосно текстот затоа што не можеме да бидеме сигурни дека мелограмот е правен според изведба на Димитров. (Ова се однесува и на бр. 201, во кој исто така се запишани само првите стихови.)

Бројот 249 „Ајде седнала си Јана“ (од Скопско) може да го врземе со бр. 122 „Ај море седнала си Јана“ (од Тетово) заради сличностите во мелодиската линија, текстот и метроритмиката.

Броевите 213 „Ајде пушка пукна бре, џанам“ и 214 „Ајде пушка пукна“ се варијанти со разлики во метарот и некаде во мелодиската линија. Интересно е дека Фирфов направил различни припеви за секоја од нив и ги наменил за различни пејачки состави – првата за мешана група, втората за женска група. Првата содржи и поразработен текст.

Останува за дискусија до каде ќе ги третираме песните како варијанти во мелодиска, текстуална и мелодиско-текстуална смисла. Така, на песната, бр. 229 „Мори лично/Анче милојчиња“ се разликува од песната бр. 137 „Мори Анче“ од третата книга само во запишување на насловот и одредени зборови (на пр. *милојчина*).

Истото се однесува и на уште една позната песна од тетовскиот крај, бр. 212 „Голем мерак имаме“ и бр. 247 „Голем мерак“, на пр. со дијалектните варијанти на зборови, *имаме – имамо*, *ѣари – ѣаре*, но и со други сосема различни зборови, на пр. *ѣенџери куцајлија* (212) наспроти *ѣенџер ќошејлија* (247). Кај оваа песна, во бр. 212, во вториот дел од песната е испуштена ознаката за разрешилица на **f**, онака како што е позната песната. Покрај ова овде се јавуваат и мали мелодиски разлики во т. 3 и т. 8., а текстот во првата варијанта е подолг за уште една строфа. Во бр. 212, во податоците со мелограмот, пишува женска пеачка група, а во бр. 247 пишува дека е за браќата Стојанови, за фестивалот во Долнени.

И во други случаи проценивме дека е најдобро текстот запишан од Фирфов да биде оставен како што е најден, на пр. во бр. 246 „Чичо сака да се жени“, каде се менуваат варијантите *чиче* и *чичо*, или зборовите *Дуда*, *Дуде* и *лудо* во бр. 231 „Пошла ми Дуда на воду, Дуда на воду“.

За бр. 205 „Јунак ми шета“ се јавуваат два записа, со иста тонална основа, со еден такт повеќе (т. 4) во првата варијанта, и со припев во втората. Одлучивме да не ја испишуваме втората варијанта, туку само припевот да го вградиме во првата варијанта.

Кај песната бр. 206 „Абер ми дојде“ повторно се јавија два записа. Одлучивме покрај скенираните мелограми на крајот да го додадеме и вториот запис во современ нотен процесор, посебно што тие се разликуваат и според тоналната основа. Во

втората варијанта, која беше без текст, го испишавме и текстот под нотите. Знаците за повторување кои се јавија во мелограмот ги изоставивме, бидејќи не е јасно на кој дел се однесуваат.

Интересно е дека за овој бр. 206 лоциравме две изведби во аудиоколекцијата (за првата, бр. 83, е запишано Мегленки, а за втората, бр. 1192 се води како изведба на Тина Ташева и Савка Мишева). И тие се разликуваат интонациски за еден степен – но овде е обратно првата е повисоката. Сепак, овие изведби не кореспондираат во целост со мелограмите, (на пр. во првиот мелограм би се јавува тонот **fis**, а не **f**). Уште поинтересни се разликите во метричката структура. Така, за разлика од мелограмите каде воопшто нема метрички ознаки, снимените изведби се во конзистентни метри: првата е во 7/8 со внатрешна поделба 3,2,2, со тоа што последниот такт од фразата пејачките го продолжуваат (корона). Во втората снимка метарот е 8/8 со поделба 3,2,3. Оваа диференцијација меѓу 7/8 и 8/8 е многу битно прашање за метриката во македонскиот музички фолклор, бидејќи често се среќаваме со гранични примери, односно не е јасно дали се работи за 7/8 или 8/8.

Од „сличните" текстуални примери (варијанти) би ги навеле бр. 210 „Бог да го бие море" и бр. 79 „Ајде ми излегол" (втора книга), но со целосно други музички карактеристики.

Во неколку примери се јавија недовршени припеви и одлучивме нив да не ги внесуваме (бр. 207 и бр. 222).

Онаму каде што недостасуваа ознаки кај тактовите линии за повторување, а беше јасно дека фразата се повторува, си дозволивме да ги внесеме (бр. 202 и 231).

И во оваа книга ги испишувавме повторувањата на стиховите (на пр. бр. 203).

И во оваа книга се појавија повеќе песни со патриотска и борбена содржина (бр. 225 „Развивај горо зелена", бр. 230 „Силен бој ми се заврза", бр. 233 „Ајде браќа на бојното поле"), како и песни за Гоце Делчев (бр. 239 „Темен се", бр. 243 „Разви се гора зелена", бр. 244 „Овчарче младо чубанче"). Меѓу нив се јавија и два марша бр. 236 „Македонијо" и бр. 237 „Не одред, а војска". Примерот бр. 237 одговара на оригиналниот Марш на Првата македонско-косовска ударна бригада (согласно документацијата на архивот на Институтот за национална историја).

Од достапните податоци кои се однесуваат на местото од каде потекнуваат песните, со повеќе примери се јавуваат песни од градовите Велес, Тетово и Благоевград. Во примерите од оваа збирка се јавуваат песни снимени во 1955 година – бр. 225 „Развивај горо зелена" и бр. 250 „Земај ме земај". Двете се запишани на картички од датотеката на Радио Скопје. Кај броевите 248 и 249, кои исто така се запишани на картички од Радио Скопје, се јавува името Мате Грујовски, при што во бр. 249 е запишано дека Мате Грујовски направил текстуална и мелодиска корекција и прилагодување за програмата на Радио Скопје.

Компатибилноста на мелограмската колекција со аудиоколекцијата ни помогна да идентифицираме варијанта на песната бр. 250 „Земај ме земај", за која е наведено дека ја отпеала Ристовка Дичевска, снимена на 8 август 1955 година, во с. Велмеј, Охридско, со песната „Триста мајстори" заведена под бр. 659 во аудиоколекцијата на Фирфов. Со дополнително истражување утврдивме дека неа ја исполнуваат Живко Аврамовски, роден во село Непроштено во 1918 година, и Драго Трпчевски, роден во село Ратае во 1937 година. Според назнаките на Живко Фирфов, снимањето е

направено во 1977 година, а пејачите се придружувани со гајда на која свири Пеце Атанасовски (според кажувањето на синот на Трпчевски, Тони). Импресионирани од изведбата, посебно од карактеристичната тонска низа (микроинтервал меѓу малата и големата терца) и разиграниот бурдон (повторно со карактеристични микроинтервалски поместувања), одлучивме изведбата на Живко и Драго да ја користиме како тонска подлога за промоцијата на петтата книга. Таа на најсоодветен начин вовведува во прекрасниот музички свет во кој снимал и мелографирал Живко Фирфов.

Скопје/Охрид, 27 јули 2024 година

Димитрије Бужаровски
Трена Јорданоска

## Предговор кон шестата книга

Придвижувањето кон крајот на книгите од оваа колекција (остануваат уште две, вкупно осум; последната ќе содржи помал број на песни, но затоа во неа ќе има и други изворни материјали од колекцијата), воопшто не ја намалува потребата за редукција на коментарите, бидејќи со неа се зголемува референтноста кон песните од претходните книги, и уште повеќе кон аудио *Колекцијата Фирфов*. Затоа и овој предговор е поголем од претходните.

Во овие 50 песни повторно има најразновидни изведувачки состави, односно песни изработени за двоглас, триглас, па дури и четиригласни аранжмани, дел за комбинација на машки и женски гласови. Иако повеќегласниот репертоар може да се изведува и со хорски состави (во последниот случај мешан хор), концептот на Фирфов се – пејачките групи. Иако Живко Фирфов е познат и како автор на хорски композиции, (тој припаѓа на првата генерација на македонски композитори и хорски диригенти образовани во белградската многу силна хорска традиција), аранжманите за два и повеќе гласа кај овие песни не се со намера да се добијат хорски дела. Фирфов точно ја повлекува границата меѓу исполнувањето на фолклорот со пејачки групи и хорските обработки. За него пејачките групи се фолклор или многу близу до него; хорските обработки припаѓаат на жанрот на сериозната музика. Ако правел хорски композиции, поинаку би ги запишал, структурирал и би се јавило авторство. Двогласите, тригласите и четиригласите овде за него се природно збогатување, нешто на што посебно работел во 1940-тите и 1950-тите, кога според пролеткултовските тенденции, посебно се негувал аматеризмот. Снимките што се останати од некои од неговите двогласи, трогласи и четиригласи со пејачки групи (најчесто со инструментална придружба) во аудио *Колекцијата Фирфов*, говорат колку тој ги чувствува интерпретациските финеси во овие изведби, посебно во импостацијата на гласовите (пејачките групи водат кон регионалните, а не западните стилови на пеење). Фирфов и неговата работа со пејачките групи, може слободно да се нарече врв во групната пејачка практика во македонскиот музички фолклор. Во оваа смисла, тој воведува шаблони во обработките на песните, во кои строфичните повторувања се движат од унисоно, двоглас до триглас/четириглас, (односно група од три целини).

Ист пристап има и кон бурдонот, кој на моменти се движи кон источното православно пеење; а и унисоната кај пејачките групи не водат кон западната монодија, туку се движат во послободен простор, на моменти далечно асоцирајќи на хетерофонија. На ист начин треба да се прифатат и неговите канонски имитации, кои започнуваат и потоа се напуштаат за да се претворат во бурдонски или хомофони фактури.

Тоа што од 50 песни 27 лоциравме во аудиоколекцијата (некои и со две изведби), ни овозможи да интервенираме секаде каде што сметавме дека се работи за ненамерни грешки, односно дека материјалот требал допрва да се финализира. Што се однесува до текстовите кои што недостасуваа, посебно кај популарните песни, ги надополнивме само оние што ги имавме во аудио *Колекцијата Фирфов*. Дел од овој репертоар може да се најде преку снимените верзии достапни на интернет, а дел со свои верзии ги лоциравме во објавените збирки *Македонски музички фолклор Песни 1* (Фирфов 1953) и *Песни 2* (Фирфов, Симоновски и Проданов 1959), како и во збирката *Македонските мелографи од крајот на XIX век* (Фирфов и Симоновски 1962).

Движејќи се во нашите коментари редоследно, според броевите на песните, во бр. 251 „Каде ќе одиш Еленко дадо“ Фирфов започнал да испишува вообичаен двоглас во терци, но потоа го напуштил, како да се подразбира. Затоа двогласот го забележавме на засебно петтолиние. Во оваа песна и следната бр. 252, текстот го услогласивме да одговара на ознаките за повторување. Исто така, во оваа песна и во бр. 295 означена е хармонската придружба со букви, што само на уште еден начин ја потврдува констатацијата и од претходните предговори за основната намена на оваа мелограмска колекција (снимање со оркестрите на МРТ).

Песната „Невеста“ бр. 254 се јавува во аудиоколекцијата во две верзии:

1) бр. 286 „Невесто танка леле висока“ во изведба на Таки Најденов со ансамблот чалгија на Радио Скопје, со поразвиен припев; и

2) бр. 667 „Невесто калешо“ која мелодиски е истата контура, но со метрика 7/8, преработена е за изведба со народен оркестар, припевот произлегува од самата мелодија и се изведува со машко – женски дует со интервенции во текстот. Во мелограмот ги додадовме испуштените предзнаци (**fis**, **gis**) во последните два такта.

Со оглед на тоа што во бр. 255 „Ја викнале Пандора“ недостасувше текстот, а песната се јавува во аудиоколекцијата во изведба на Распеани велешани со ансамблот чалгија, оттаму го извлековме целиот текст (означен со курзивно писмо). (Песната се јавува и во книгата *Песни 2*). Ознаката за прима волта во првиот ред не ја внесовме, затоа што не е точна.

Бр. 256 „Оди мајко, оди“ е присутна во аудиоколекцијата со бр. 281, во изведба на Мице Димитров, во иста интонација. За нас беше интересно дека припевот во снимката е целосно за секунда повисок, со што почетокот на вокалниот дел е во скок од квинта во однос на крајот на припевот. Ова е различно од мелограмот каде соодносот е во секста. Не направивме интервенција, бидејќи и во снимките од колекциите што ги дигитализиравме се јавуваат припеви од различни тонални центри во однос на вокалниот дел, дури некогаш и во два тонални центри (најчесто првиот за кварта повисоко). Текстот во последната строфа беше целосно неразбирлив, и затоа и по преслушувањето на снимката и ние постапивме како Фирфов и ставивме три точки.

Од оваа песна постојат два мелограми, вториот е за цел степен подолу од првиот и од Фирфов е запишан само со тонови, без текст. Ние го потпишавме текстот од првата варијанта. Во вториот мелограм, во т. 2, беше внесен предзнакот кој недостасуваше.

Бр. 258 „Антице мори душице“ беше целосно усогласена со снимката (бр. 284 во аудиоколекцијата, во изведба на Таки Најденов со ансамблот чалгија). Во мелограмот беа внесени испуштените предзнаци, согласно примерот, односно логиката на развитокот на мелодиската линија. Текстот, како што повеќепати направивме досега, е коригиран и дополнет докрај со курзивно писмо. Во дополнетиот текстуален дел, при изведбата, треба да се води сметка за распоредот на слоговите. Интервенција направивме и во метриката на припевот, со внесување на преттакт, за да се изедначи ритмичкото пулсирање низ целата песна. Соодветно, требавме да додадеме и прима и секунда волта, односно на крајот на вокалниот дел да го внесеме инструменталниот преттакт. Ја внесовме и забелешката на Фирфов во однос на повторувањето на припевот (во снимката, меѓу пеењата тој се изведува само по еднаш). Во целиот мелограм се јавува разрешувалка на тонот **c**, која ја извадивме, затоа што никаде овој тон не е алтериран.

Во песната бр. 259 „Милке моме“ (во аудиоколекцијата ја пронајдовме под бр. 287 со друг наслов, „Сношти вечер“, во изведба на машки глас и чалгија), интервениравме според снимката во првите две осмини во тактовите со прима и секунда волта, заменувајќи ги тоновите **gis**/**f** во **a**/**gis**.

Големи дилеми имавме што да правиме со мелограмот за песната бр. 260 „Ајде помоли се“, кој беше без текст. По пребарувањето во аудиоколекцијата, песната ја најдовме како бр. 1142 „Ајде помоли се Тино моме“ исполнета од Тина Ташева и Мара Гацева. Најнапред го транскрибиравме текстот и забележавме дека еден дел од песната (музички) недостасува. Освен тоа, видовме дека само на почетокот се појавува запишаната верзија на Фирфов, додека во следните четири строфи се појавуваат мали отстапувања во мелодиската линија. Затоа одлучивме да го усогласиме мелограмот со изведбата на Ташева и Гацева, а различните тактови ги запишавме во дополнителни петтолинија (ossia). Нотите запишани со бајрачиња од Фирфов ги оставивме без да ги спојуваме со цртичка во групи осмини.

Во песната бр. 261 „Турчин на тумбе седеше“, која се јавува со снимка бр. 278 (во изведба на Фана Василева со чалгија), т. 7 се постави да биде во 19/8, колку што има вредности во него, затоа што по преслушувањето видовме дека дословно одговара на аудиото. Текстот беше преслушан и со курзивно писмо беше додаден испуштениот стих, варијантите на името на девојката (*Риза*), промените во дијалектните зборови и зборот *ергели*.

Песната бр. 262 „Сношти отидов“ е поврзана со снимката бр. 275 „Сношти отидов мила мамо“ од аудиоколекцијата, во изведба на Нада Тодоровска со чалгија, и најверојатно според неа Фирфов го направил и мелограмот (во мелограмот тој означил дека е за машка група, наспроти снимката која ја исполнува женски глас, што може да значи и дека го наменил за изведба со машка група). Ние ја додадовме ознаката *прибев* и со курзивно писмо варијантите на текстот од снимката.

Од бр. 263 до бр. 270 се јавуваат двогласи од бурдонски тип, освен песната со бр. 266 „Стојанке ле, либе леле“ која се развива во терци. Но, вториот глас не е секогаш изведен од почетокот до крајот на песната како бурдон, туку во првите делови (бр. 264, бр. 267, бр. 269 и бр. 270) гласовите пеат унисоно, и потоа следи бурдонското двоење. Веќе ја регистриравме оваа постапка, делови од песните да се пеат унисоно, па потоа да се појавува двоглас и триглас/четириглас, што треба да ја разбие музичката монотонија, односно да се добие динамика и развиток.

Во смисла на двогласот, посебно интересна е песната бр. 265 „Јордано, зрно одбрано“ која во аудиоколекцијата ја пронајдовме под бр. 713, во изведба на Бапчорки. Соодветно на снимката, направивме интервенција во 4. такт, посебно поради карактеристичната кварта меѓу бурдонот и горниот глас, типична за пеењето од овој регион. И овде внесовме мали корекции во текстот според снимката.

По преслушувањето на снимката на песната бр. 263 „Јоване, Јоване“ (бр. 16 во аудиоколекцијата), констатиравме дека таа содржи само една фраза од шест такта која се повторува со различни текстови. Фирфов ја запишал со уште едно повторување на фразата, со мали варијации, при што во второто повторување таа завршува на **d**. На ваков начин се формира поголема целина во која крајното **d** прави вовед за следното повторување. Затоа за нас, првобитно, знакот за повторување беше збунувачки, но потоа ја сфативме идејата на Фирфов за ваквата организација. Додаде-

ниот такт на крајот, со задржаното **d**, очигледно е назнака за заокружувањето на крајот на целата песна.

Песната бр. 264 „Лажи лудо, лажи младо“ ја поврзавме со бр. 1245 од аудиоколекцијата, но во снимката нема бурдон, а се јавуваат и разлики во текстот кои ги запишавме како текстуална верзија. Снимката содржи голем број на орнаменти, а ја исполнува Виолета Тодоровска од село Црешово, Скопско.

За бр. 267 „Има Ванчо сина единака“ пронајдовме две снимки во аудиоколекцијата, бр. 357 и бр. 579. Тие на одреден начин се поврзани, бидејќи првото аудио содржи само една строфа и како да продолжува во второто. За овој и следните два примери Фирфов не го потпишал текстот, и ние го внесовме врз основа на снимките.

Песната бр. 268 „Стојане сине Стојане“ во аудиоколекцијата (бр. 14) е насловена „Сине Стојане“ и се пее како – *Сине Стојане, Стојане*. Текстот од снимката беше пократок (почесто во мелограмите имавме пократки текстови од оние во снимките), па затоа одлучивме да го вклучиме и него испишан со курзив.

Инаку песните со бр. 267, бр. 268 и бр. 269 („Јанинка си у двор седи“ во аудиоколекцијата бр. 15) во аудиоколекцијата ги изведува солистички извонредниот народен пејач Рајна Спасовска. Од друга страна, Фирфов овие песни ги испишал со бурдони, што остава простор да се размислува дека користел и некои други извори, или според неговото огромно искуство, претпоставувал каде и како би се појавил бурдонот.

Во бр. 270 „Отидов село Долнени, де“ Фирфов потпишал три строфи под нотите, но ние согласно востановената практика ја потпишавме само првата строфа и ставивме знаци за повторување согласно ознаките во строфите. За песната има снимка во аудиоколекцијата (бр. 125) со женска група и оркестар на народни инструменти. Во бурдонскиот дел (втората фраза), 2. такт се пее унисоно, а во 5. такт, место осмините, во снимената верзија се појавуваат осмини на тонот **d**, што звучно повеќе одговара.

Следува група песни во кои се испишани само мелодиските линии и првата строфа од текстот (броевите 271–278). Во оваа група песната бр. 275 дури нема ни текст, ни наслов, и засега не успеавме да го лоцираме нејзиното потекло. Единствениот податок е дека потекнува од Кумановскиот регион, и како што може да се види, поставена е во бурдонски двоглас. Со ова нејзино објавување се надеваме дека некој ќе успее да ја препознае.

Мора да истакнеме дека за Фирфов не е типично да не го испишува целиот текст од песната, (наспроти практиката од минатото да се испишува само мелодиската линија со првиот текст под неа). Во оваа група песни дел се со поширока популарност до денес, но ние, по принципот што го утврдивме, ги додававме текстовите на песните исклучиво ако се појавуваа во аудиоколекцијата.

Во бр. 271 „На пат одам“, бр. 272 „Пошло моме“, бр. 277 „Ерген одев“ и бр. 278 „Девојче танко високо“ Фирфов на крајот ја запишувал и тонската низа во мелограмот. За песната бр. 276 „Девојче, девојче“ има и ознаки за начинот на изведба, односно повторувањата. Текстот на бр. 271, бр. 272 и бр. 276 може да се најде во *Македонски музички фолклор Песни 1*, а за бр. 277 во *Песни 2*. Текстот на бр. 278 „Девојче танко високо“ може да се пронајде во збирки од други автори.

За бр. 273 „Овчар по брег оди“ не е запишан насловот и тој беше изведен врз основа на првиот стих. Во мелограмот беа внесени и прима и секунда волта. Постои подалечна варијанта на песната во аудиоколекцијата (бр. 427 „Овчар по брег оди,

сиво стадо паси“), која ја пее групата Бапчорки. Оваа варијанта е запишана и во збирката *Сокол ми лета високо* на Доневски и Фирфов (1978).

Песната бр. 274 „Засвирил Стојан“ најпрво се појави во четвртата книга (бр. 151 „Засвири Стојан посвири“) со почетна интонација од **es**. Целосниот текст може да се погледне во мелограмот од четвртата книга. За неа постојат две снимки во аудиоколекцијата: бр. 1233 и бр. 1353.

Песната бр. 279 „Се армаса бела Неда“, која Фирфов ја мелографирал без да го запише насловот, ја пронајдовме со три снимки:

1) бр. 86 е онаа снимка по која најверојатно е правен мелограмот (во базата во аудиоколекцијата според Фирфов е внесен насловот „Се армаса бела Јана“, но во текстот се користи името Неда). Иако мелограмот на Фирфов започнува со втората строфа, ние ја потпишавме првата согласно снимката;

2) бр. 1166 со наслов „Се армаса бела Неда“ е мелодиски многу поразвиена и ја пеат Мара Гацева и Тина Ташева;

3) во бр. 231 со наслов „Се армаса дос, дос“, во изведба на Мегленки, има варијанта на текстот и друга мелодиска линија.

Интервениравме и во насловот на песната бр. 280 каде Фирфов го запишал името Стојанка, а во песната се пее за Станка („Станке ле, моме убаво“).

Во втората папка има уште песни кои Фирфов започнал да ги мелографира („Јованче тргнал во војна“), или забележан е само текстот ( „Гледај, гледај либе уште денеска“). Во оваа папка има и список на триесетина ора со наслови и сигнатури.

Третата папка започнува со песната „Што е ова чудо“ (бр. 281). Во неа во 6. такт има нејасно испишување и по преслушување на снимката на оваа песна од Воденки (која ја пронајдовме на интернет) ги утврдивме точните интервали и во дополнително петтолиние го додадовме тактот, вклучувајќи ги и шеснаесеттините (на крајот на тактот) кој во мелограмот ги дополнил Фирфов. Бидејќи оваа песна не можеме да ја лоцираме во нашите колекции одлучивме, според утврдената практика, да не го допишуваме текстот.

Песната бр. 282 „Лисаветка болна лежи“ припаѓа во групата повеќегласни аранжмани на Фирфов, во кои најнапред таа се излага во двоглас кој е полифоно раздвижен, по што следи триглас во кој најниското глас повеќе наликува на бурдон. Тоа што тој глас се движи околу доминантата влијае на структурата на созвучјата кои се градат со горните гласови и во кои често се јавуваат квартсекстакорди и секстакорди (завршува со квартсекстакорд), што секако влијае на крајниот впечаток кај слушателите.

Песната „Димано, моме Димано“ се среќава два пати во оваа книга, првиот пат (бр. 283) во двоглас, а вториот (бр. 288) во триглас. Втората верзија е транспонирана за голема секунда надолу, и има и мали разлики во зборовите: *јубаво – убаво*, *беа – беја*, *ӣознав – видов*.

Песните со бр. 284 „Заспа Иван у гора зелена“ и бр. 290 „Изникнало дрво сенливо“ во мелограмите се забележани како едногласни, но во аудиоколекцијата се јавуваат снимки со развиен двоглас (женска група) и припев (народен оркестар) (бр. 137, односно бр. 128). Бр. 284 немаше запишан наслов и него го изведовме согласно забележаното во аудиоколекцијата, односно го повторивме првиот стих *Засӣа Иван у ӣора зелена*. Во *Македонски музички фолклор Песни 2* оваа песна се среќава со поразвиен текст.

Песните со бр. 285 и 286 се идентични, но со разлика во почетната интонација од чиста кварта. Во аудиоколекцијата се поврзани со бр. 132 „Сон сонила…“ во изведба на пејачка група. Како и кај бр. 284, и овде во снимката уште од припевот се почнува со канонски имитации, кои натаму се употребени и во пејачкиот дел, односно двете групи на женски гласови. Бидејќи оваа песна припаѓа во оние со прекин, односно недовршување на зборот, преку канонските имитации се пополнува празниот дел од тактот преку другиот глас.

За бр. 287 „Засукај пиле Вело“ насловот, кој недостасуваше, беше изведен од првиот стих. И оваа песна е тригласна, и кај неа недостасуваше дел од текстот. Иако во БузАр го имаме целокупниот текст од дигитализираната тетратка на Хајри Демировски, се одлучивме да го оставиме мелограмот во онаа форма во која го запишал Фирфов. Оваа песна се среќава во книгата *Македонските мелографи од крајот на XIX век* со комплетен текст.

Насловот го презедовме од текстот и за бр. 289 „Киниса невеста“.

Бр. 291 „Моме стоје џанам“ овде е запишана во две верзии, но со разлика во интонацијата од терца и со различен пристап кон вториот (бурдонски) глас. Оваа песна се јави во развиен триглас во втората книга (бр. 96), а ќе се појави со лежечки глас како прва песна во следната седма книга (бр. 301), односно вкупно четири верзии запишани од Фирфов. Метричките ознаки на Фирфов беа оставени само онаму каде што одговараа на внесените вредности во тактот. Покрај ова, беше избришан и знакот за повторување што Фирфов го внел во првата варијанта од бр. 291.

За песната бр. 292 „Заспала Дана“ (за која Фирфов овде направил триглас) ја користевме снимката од аудиоколекцијата (бр. 1038 „Легнала Дана, заспала“), која што ни помогна да одредиме каде ќе биде поставен знакот за репетиција, односно во 5. такт. Овој пример е посебно интересен поради реченичната структура во која со повторувањето (со нов текст) е добиено асиметрично проширување. Фирфов запишал и инструментален дел кој сметаме дека е прекраток за припев, посебно имајќи го предвид прекрасниот припев од снимката во аудиоколекцијата.

Идентичен звучен пример за песната бр. 293 „Думај Злате ле“ најдовме на плочата *Pesme i igre naroda Jugoslavije* (YU-3033-4, Izdavački zavod „Jugoslavija”, Beograd, 1967), во изведба на изворна женска група. Не го презедовме текстот бидејќи не е во нашите колекции. Таа е објавена со информаторот од Берово во *Македонски музички фолклор Песни 2*, но со различна мелодиска линија и, се разбира, варијанта на текстот. И овде, во мелограмот Фирфов ставил **Da capo** за да означи дека по последната строфа нема да следи припевот, кој, од друга страна, како и во претходната песна, не е испишан на почетокот.

Песната бр. 294 „Еленчице висока планино“ во аудиоколекцијата е присутна со бр. 662 во изведба на Кучковки со придружба на гајда, и бр. 692 „Оj, Еленчице, висока топола“ во изведба на трио Кучковки. Иако во мелограмот немаше наслов, го искористивме познатиот наслов за оваа песна и го дополнивме текстот според снимките од аудиоколекцијата.

Популарната песна бр. 295 „Станвај Донке“ Фирфов ја поставил во три гласа според неговите шаблони за пејачки групи (за разлика од вообичаените изведби на оваа песна кои се за дуети). Најверојатно заради популарноста, и во овој случај не го испишал текстот. Песната е присутна во *Песни 1*.

Песната бр. 296 „Моме Митро“ ја лоциравме и во аудиоколекцијата (бр. 346), но наместо со дурската тонска низа, во снимката се појавува тонската низа со зголемена секунда (наликува на хиџаз макамот). При повторувањето Фирфов започнал со внесување и на трет глас, но не го довршил. Посебно е контроверзен третиот такт во третиот ред (т. 21), каде, за да избегне судир меѓу вториот и третиот глас од мала секунда, внел алтерација (за да се добие голема секунда). Очигледно оваа песна останала недоработена од Фирфов, и ние не сакавме да внесуваме никакви интервенции, посебно во тонската низа. Снимената верзија содржи извик со кој се прекинува секоја фраза и, очекувано, има мали разлики во одредени зборови.

Песната бр. 298 „Прстен ти падна Нешо“ исто така припаѓа на репертоарот на популарните песни до денес. Во аудиоколекцијата се јавува во типичната варијанта за аранжманите на Фирфов за пејачки групи и народни инструменти (бр. 129), најнапред еден глас, па два гласа, и на крајот три гласа, односно три фрази меѓу припевите. Исто така, припевот се свири од две интонации, во сооднос на тоналните центри од кварта. Снимената верзија се разликува и по метарот 7/8, (испишаната е во 3/4).

И за следната песна, бр. 299 „Стамено пиле шарено“, во аудиоколекцијата се појавува снимка со истиот изведувачки состав (бр. 134). Сè што беше кажано за претходниот пример важи и овде, од промената на метарот (7/8 во аудиото и 3/4 во мелограмот на Фирфов), до пристапот кон полифонијата и припевот. Со оглед на тоа што Фирфов во обележувањето на текстот додавал некои ознаки, се одлучивме да ја прикажеме прочистената варијанта на текстот од аудиото. И овде во аудиото се појавува извик.

И последната песна бр. 300 „Де ќиди Велко војвода“ започнува со унисоно (или соло) дел, за да премине во четириглас. Мелодиската структура на песната, посебно на почетокот, наликува на групата градски комитски песни (најчесто за Гоце Делчев, на пример – „Слезнал е Делчев“), кои најчесто се во 3/4 метар.

Скопје/Охрид, 13 август 2024 година

Димитрије Бужаровски
Трена Јорданоска

## Предговор кон седмата книга

Приближувајќи се кон крајот на овој проект мораме да истакнеме дека се работи за прв ваков обемен зафат кај нас во кој се спроведува триангулација од повеќе лица кој ги користат предностите на дигиталните алатки, и воопшто, технологија, за да се дојде до крајните прочистени дигитални нотни записи. Во претходните предговори укажавме на бројни ситуации во кои интервениравме со цел за финално подобрување на записите и истото ќе го направиме и во овој предговор.

Седмата книга почнува со четврта верзија на песната „Моме стоје“ во *Мелоѓрамската колекција* на Живко Фирфов. На оваа песна Фирфов очигледно ѝ посветувал големо внимание, за што овде се доказ бројот на изработени мелограми со различен пристап во полифонизацијата на музичкото ткиво. Песната може да се чуе и на почетокот на документарниот филм *Ритам и звук* од 1955 година (Вардар-филм, Скопје, по сценарио и режија на Трајче Попов, каде „Моме стоје“ ја изведуваат Благоја Петров-Караѓуле и Васка Илиева во придружба на група на машки и женски гласови од ансамблот „Танец“). Во овој филм Живко Фирфов се јавува како композитор и диригент (користена е и Македонската филхармонија и народен оркестар). Во аудиоколекцијата не се среќава снимка од оваа песна.

Покрај „Моме стоје“, во оваа книга се јавува со две верзии песната под бр. 320 „Засвирил Стојан“. Таа во *Мелоѓрамската колекција* се јавува вкупно четири пати, под бр. 151, бр. 274 и во двете варијанти под бр. 320. Првата варијанта од бр. 320 беше изедначена во интервалска смисла согласно втората варијанта. Помеѓу бр. 274 и бр. 320 има промени во однос на метарот, 7/8 наспроти 7/16, како и во одредени зборови во текстот, на пр., *свиреше – ѝосвирил*. Во двете верзии од бр. 320 недостасуваше целосно текстот, и тој беше преземен од бр. 151.

И во седмата книга може да се воочат групи на песни кои потекнуваат од еден пејач или група. Во најголемиот број случаи, успеавме овие мелограми да ги поврземе со нивните еквиваленти во аудиоколекцијата. (Во оваа книга лоциравме снимки во аудиоколекцијата од 18 песни.)

Бр. 302 „Големо чудо станало“, бр. 303 „Ајде вино пијам“ и бр. 304 „Мил баце Димчо“ се во изведба на Стево Димовски од Прилеп. Во трите мелограми беше допишан текстот согласно неговите снимки во аудиоколекцијата (бр. 1276, бр. 1275 и бр. 1274). Песната бр. 302 „Големо чудо станало“ беше целосно музички допишана според снимката, затоа што Фирфов очигледно не ја довршил, и затоа си дозволивме да интервенираме и во украсите во делот кој е испишан од него. Текстот од снимката го усогласивме со нотниот запис.

Во бр. 303 „Ајде вино пијам“ посебно интересен е 5. такт поради скок од зголемена кварта од претходниот такт (**cis** во **g**) и алтерацијата на тонот **h** во следниот такт. Во аудиоколекцијата (бр. 87) се јавува и варијанта на оваа песна во изведба на Миле Тодоровски (кореспондира со мелограмот бр. 199 „Ајде вино пијам, леле“ од четвртата книга), која одговара на овој мелограм, но со уште поразвиен текст и многу орнаментирана мелодиска линија. Генерално, оваа верзија на песната значително се разликува во мелодиска, а на одреден начин и текстуална смисла, од популарната песна „Вино пијам ем ракија (коња јавам аџамија)“ која е присутна во аудиоколекцијата под бр. 312 (ја пејат Черпоски и Маркоски од с. Лазарополе и с. Требиште) и бр. 1218 (машка пејачка група со народен оркестар).

Бр. 304 „Мил баце Димчо“ во аудиоколекцијата е насловена „Писмо ми дојде“, согласно првите зборови од песната. Песната има многу интересна формална структура. Содржи три дела во кои меѓу првиот и третиот дел се појавува дел кој се повторува со ист текст кај сите строфи (*мил баце Димчо, сладок баце Димчо, ѝисан баце Димчо* – вид на рефрен во средината на песната). Само во првата строфа по првиот дел се јавува дополнителен текст, кој е испеан врз основа на музичкиот дел од „рефренот“.

Следат низа од седум влашки песни кои претставуваат интегрирана целина, не само затоа што се поставени една по друга, туку и заради нивната хомогеност во музичка смисла. Со нив оваа мелограмска колекција уште повеќе добива во вредност, бидејќи го интегрира македонското музичко милје во уникатен културен простор. Ние веќе укажавме дека оваа мелограмска колекција демонстрира неверојатно голем број на различни музички модели во релативно мал географски простор (во светски рамки почесто е присутна обратната ситуација, на големи географски пространства да доминира еден музички модел). Седумте влашки песни придонесуваат кон музичкото богатство на оваа колекција во тонските низи и богатата орнаментика, во која посебно се истакнуваат глисандата.

Фирфов имал многу тешка задача – најнапред поради орнаментиката, но и поради непознавањето на влашкиот јазик. Затоа тој го потпишал текстот под нотите онака како што го слушал кај бр. 306 “Oĭ naparti di-amari lea dado”, бр. 308 “Intrã-ts Marushe tu-arãzboiŭ” и бр. 309 “Unã nauã” со кирилица, а кај останатите песни бр. 305 “Tsi-nj vidzurã oclji”, бр. 307 “Lea Lenã”, бр. 310 “Tu valea di Ianina” и бр. 311 “Nchisirã ti ehlã” воопшто не го потпишал текстот под нотите, односно го запишувал посебно (рачно или на кирилична машина).

Фирфов запишал дека песните ги испеал Атанас Јорјица/Ѓурѓица (Atanase Iorghitsa) и во аудиоколекцијата Фирфов најдовме изведби од сите нив. Во натамошната дешифрација на текстот и подготовката за финалните верзии во Sibelius, клучната помош ни ја даде **Санде Атанасов** (**Santa al Djika**), кој што е извонреден познавач на влашката култура и јазик, за што сме му посебно благодарни. Тој ни укажа дека се испеани на дијалект од источна Македонија.

Насловите и текстовите кон сите седум песни ги коригиравме онака како што тој ги испиша со латинично писмо и ортографија на влашкиот јазик, и со него беше направено и потпишувањето на текстот под нотите и посебно позицијата на дифтунзите. Во одредени случаи тој ја дополни и вообичаената верзија на зборовите по кои одредени стихови почесто се пеат и која отстапува од изборот на зборови на Јорјица (означени со курзивно писмо). Во бр. 305 “Tsi-nj vidzurã oclji” тоа се зборовите *vruta amea*; во бр. 307 “Lea Lenã” додатокот *Costula mo*, кој што отстапува од вообичаениот начин на пеење на стихот кој треба да заврши со *lea dado bo, bo*; и во бр. 308 “Intrã-ts Marushe tu-arãzboiŭ” комбинацијата на зборови nã/*lã*-avd(z)ã/*amurtã* gura. Во бр. 310 “Tu valea di Ianina” Атанасов додаде две строфи кои во текстот кон мелограмот на Фирфов недостасуваа (ги поставивме во заграда и во курзив). (Овие строфи не се испеани и во достапната телевизиска снимка на интернет на оваа песна во изведба на Јорјица во дует со Марија Зикова.) Во запишаниот текст кон мелограмот за бр. 311 “Nchisirã ti ehlã” има повеќе прецртувања и испишувања на текст врз текст, при што Атанасов ги реконструира сите можни варијанти на стиховите. Атанасов ги раскажа и настаните опишани во песните и со него беа оформени преводите на насловите на македонски јазик.

xxx

Неговата помош доби уште повеќе на вредност кога ќе се земе предвид дека на дел од снимките песните се нецелосно отпеани. На снимките на бр. 309 "Unã nauã" (бр. 1256 во аудиоколекцијата) и бр. 311 "Nchisirã ti ehlã" (бр. 1257) Јорјица ја пее само првата строфа, во бр. 310 "Tu valea di Ianina"(бр. 1258) првите две строфи, во бр. 305 "Tsi-nj vidzurã oclji" (бр. 1295) недостасува внатрешна строфа, а во бр. 306 "Oĭ naparti di-amari lea dado" (бр. 1294) крајните строфи.

Јорјица сите песни ги изведува *а кайела*, но Фирфов во бр. 309 "Unã nauã" и бр. 310 "Tu valea di Ianina" има забележано припеви (припевот за бр. 310 може да се чуе на споменатата телевизиска снимка каде Јорјица и Зикова се придружени од соодветен народен ансамбл).

Во однос на интервенциите во музичкиот дел, најпрво во бр. 309 "Unã nauã" ги коригиравме знаците за повторување онака како што би било логично, а во припевот беше коригиран испуштениот **fis** (т. 12).

Поголеми интервенции направивме во песната бр. 307 "Lea Lenã". Во мелограмот Фирфов ставил ознаки за **da capo al fine**, но преслушајќи ја снимката (бр. 1297 во аудиоколекцијата), одлучивме да го испишеме целиот нотен текст, односно и третата фраза (која кореспондира со третиот стих во строфите). Во обид да ја одгатнеме пулсацијата во интерпретацијата на Јорјица, увидовме дека целиот мелограм може да се преработи во 7/8 (322), но поради можноста за толкување на метриката како што ја запишал Фирфов, во првите две фрази не интервениравме, а со помош на снимката го реконструиравме музичкиот дел на третиот стих кој што недостасуваше. Исто така, увидовме дека 8. такт би требало при изведба да кореспондира со претпоследниот. Изведбата на Јорјица има уште една карактеристика: почнувајќи од втората строфа првата фраза тој ја повторува, (односно на 5. такт би требало да биде поставен знак за репетиција), со тоа што во првиот такт, наместо тоновите **g** и **c**, во неговата интерпретација се јавува движење меѓу **d** и **c**. Воопшто, Јорјица ги пее овие песни со извонредно богата орнаментика во која се јавуваа споменатите карактеристични глисанда, што, како што кажавме, претставува посебен предизвик во нивното мелографирање.

Во оваа книга се јавуваат четири песни на кои има ознаки со броеви преземени од збирката *Македонски музички фолклор, Песни 2*: бр. 336 „Не ми минавај", бр. 337 „Либил си ја Моне", бр. 338 „Ленче бре" и бр. 339 „Текнува ли ти". При споредбата видовме дека станува збор за истите песни. На овие мелограми е назначено дека се за Драгица Данчевска, но, за жал, не можевме да ги лоцираме во аудиоколекцијата. Меѓу нив може да се забележи дека бр. 336, бр. 338 и бр. 339 се во форма на дијалог.

И во оваа книга се јавуваат двогласи, меѓу кои се бр. 312 „Јано Јанке" и бр. 313 „Ор, невесто Ристовица". Покрај нив, се јавуваат две двогласни песни кои веќе ги објавивме во четвртата книга. Двете се јавуваат во аудиоколекцијата во изведба на Рајна Спасовска и Сара Богданова.

Првата песна е бр. 344 „Ожени се, море, млади Стојан", која се поклопува со бр. 153 „Ожени се млад Стојане", само што во бр. 344 е испишано повторувањето и има разлики во одредени зборови, на пр. *ūогјајае – ūогјагује*, *убава – јубава*, *рабоа – работа*. Во овој случај ја преслушавме снимката од аудиоколекцијата, бр. 250 „Ожени се море Стојан", која кореспондира со овој мелограм, и согласно неа го дополнивме текстот.

Другата песна е бр. 348 „Оj, Стојанко велешанко“ која се поклопува со бр. 152 од четвртата книга, со тоа што во бр. 348 се испишани повторувањата и се појавуваат ситни разлики со вметнување украси. Овде Фирфов започнал песната да ја распишува во триглас, но не знаеме зошто не продолжил. Текстот повторно не е допишан, но може во целост да се погледне во бр. 152. При преслушувањето на снимката од аудиоколекцијата (бр. 249) воочивме дека таа е со мала терца од основниот тон **d** (**f** место **fis**), додека Фирфов во двата мелограми ја запишал со голема терца. Во снимката и украсите се поразлични. Споредбата на текстот покажа безначајни разлики со снимката, и затоа не ги вметнавме.

Бр. 318 „Лажи лудо, лажи младо“ е уште една од двогласните песни. Се среќава и под бр. 264 (шеста книга), но при внесувањето на полифониот глас Фирфов направил измени во јавувањето на тоновите **c** и **d**. Воопшто, песните што се повторуваат во целата мелограмска колекција одлучивме да ги објавиме онака како што се подредени кај Фирфов.

Двогласна е и песната бр. 342 „Сакале се Стојан и Стојанка“. Неа ја лоциравме во аудиоколекцијата под бр. 152, во изведба на женска пејачка група, и од оваа снимка го извлековме целиот текст.

Во бр. 343 „Тужниче девојче“, во долниот глас го внесовме тонот **b** секаде каде што беше испуштен предзнакот. Песната се јавува во аудиоколекцијата под бр. 159, но под друг наслов „Нема што да правам“, и е во изведба на Иван Игнатовски и Трајан Конев, во придружба на гајда.

Бр. 345 „Кинисала Ѓина“ е свадбарска песна, повторно од бурдонски тип, во изведба на женска пејачка група, и потекнува од Свети Николе. И во овој случај можевме да направиме споредба со звучен запис, затоа што е застапена преку бр. 153 во аудиоколекцијата.

На крајот на ова наведување на двогласните песни ќе ја споменеме и популарната песна бр. 347 „Две невесте тикве брале“.

И во оваа книга се јавуваат тригласи. Прва од нив е бр. 315 „Мори Кате, лична Кате“. За нас беше интересно дека нејзината мелодиска линија е идентична со познатата песна „Јас ти реков добро вечер“(втора во триптихот на песни заедно со „Зошто ми се срдиш либе“ и „Рајна на порти стоеше“, познат и како сплет на песни од Штип).

Песната „Димо љуби две моми“ се јавува со два мелограми, бр. 328 и бр. 359 (од осмата книга) и двете во триглас. Бр. 328 е изведена во постојан триглас, а бр. 359 започнува во еден глас, па двоглас, за веќе во втората строфа да се разграни во триглас (типична постапка на Фирфов во обработките на народните песни за пејачки групи, што веќе го констатиравме во предговорот за шестата книга).

Во бр. 328 недостасуваше текст под нотите и потпишувањето го направивме во споредба со бр. 359 од истата песна. Рефренот *Димо ле, бели Димо* согласно запишаното во песната во бр. 328 се јавува три пати, и така го забележавме и во текстот. Во бр. 359 овој рефрен ќе биде сведен на две повторувања. Во рефренот се јавуваат разлики во зборовите *бели Димо* (бр. 328) – *дели Димо* (бр. 359), и во бр. 359 кога се јавува богатата мома, таа вели дека е *боѓаша со дарови*, стих што не се јавува во бр. 328. На интернет може да се сретне песна со сличен текст со наслов „Заљубил Димо три моми“.

Бр. 341 „Елено“ е развиена во четириглас и припаѓа на песните кај кои е запишана само една строфа. Песната не можевме да ја лоцираме во нашите снимки, но сличен текст може да се сретне во *Зборникоѿ на Миладиновци*, бр. 430 „Елено бајрак девојко!“.

Фирфов развил четиригласен мелограм и во бр. 350 „Покрај Вичо планина“. Оваа песна ја сретнавме во аудиоколекцијата под бр. 143 „Покрај Вичо, брезно место“ во изведба на Бапчорки, и согласно ова аудио го прегледавме и дополнивме текстот, кој што и во овој мелограм беше ограничен само на една строфа. Во снимката нема репетиции во вториот дел, но за да ја усогласиме песната со мелограмот на Фирфов, последните два стиха од секоја строфа ги повторивме. При запишувањето погрешно е нотиран последниот такт со 5/4, и ние го поправивме во 4/4. Кај оваа и следните две песни (кои ќе се јават во осмата книга), на задната страна на нотната хартија е напишано КУД „Гоце Делчев“, и може да се претпостави дека затоа ги поставил во четириглас за мешан машки и женски состав.

Во повеќе наврати укажавме на корекции во алтерациите. Во бр. 317 „Стапил Добре“ во претпоследниот такт очигледно беше испуштен предзнакот на **e** во **es**, кој го коригиравме.

При бележењето на песната бр. 329 „Невеста платно ткаеше“ постапивме исто како и Фирфов во оригиналниот мелограм во кој не е поставен метар затоа што секој такт е различен. Покрај ова, сите предзнаци беа извадени затоа што очигледно се погрешни.

Во однос на забележаните недостатоци поврзани со текстовите, кај песните бр. 301 „Моме стоје“, бр. 321 „Девојче, девојче“ и бр. 340 „Пируниго јубава девојко“ не беше забележен насловот и ги ставивме првите зборови од првиот стих. Бр. 321 „Девојче, девојче“ има сличности со текстот на песната бр. 177 „Мори девојченце“, но сличностите се однесуваат само на текстот.

Текстот во бр. 322 „Летале ми“ има две варијанти во однос на комбинирањето на стиховите и е со мали промени во одредени зборови: *од високо гледале*, *Марика – царица*, *везеше – шиеше*. (Инаку, за оваа песна Фирфов започнал да пишува припев, но тој не е довршен и затоа не го испишавме во дигиталниот мелограм.)

За песната бр. 327 „До три ми пушки“ недостасува текстот. Песната се јавува во *Македонски музички фолклор, Песни 2*, меѓутоа тој запис е од друга интонација и друг метар и не е јасно докрај повторувањето на стиховите. На интернет може да се најдат повеќе изведби на оваа песна во различни верзии, меѓу кои најчесто се јавува 8/8 метар (332). Во мелограмот бр. 327 беше направена корекција од **d** во **des**, онаму каде што беше испуштена оваа алтерација.

Во песните од бр. 331 „Ќе одам мајко“ до бр. 334 „Што ми е мило“ е запишан само текстот од првата строфа или уште помал дел. Станува збор за борбени и партизански песни, кои за жал, не можевме да ги лоцираме со соодветни снимки во аудиоколекцијата и затоа не се обидувавме да ги дополнуваме, односно ги оставивме во формата како што ги запишал Фирфов. Сепак, одлучивме да дадеме назнаки каде може да се сретнат слични песни на нив.

За песната бр. 332 „Дека се чуло“ постојат повеќе мелодиски и текстуални варијанти кои може да се најдат на интернет. Во аудиоколекцијата се јавуваат два броја кои се текстуално најблиски до овој мелограм: бр. 64 „Каде се чуло видело мома војвода да биде“ во изведба на женска група и народен оркестар на ансамблот „Бели мугри“ од Кочани и бр. 679 „Каде се чуло видело“ во изведба на Јован Брмбевски.

Во песната бр. 333 „Накачил Делчо“ е запишан само првиот стих. Слични песни се среќаваат како тема и имаат различни варијанти на текстот, (на пр., „Накачил Делчо војвода“ во *Македонски музички фолклор, Песни 2*), и затоа одлучивме да се остави записот така како што е оставен од Фирфов.

Истото го направивме и со бр. 334 „Што ми е мило“, каде се запишани само зборовите потребни за оформување на мелодискиот дел од мелограмот. Во овој мелограм, во претпоследниот такт внесовме алтерација на **a** во **as**, која е карактеристична за овие тонски низи.

Текстот повторно се сведува само на една строфа и во бр. 347 „Две невесте тикве брале“, веројатно затоа што е многу популарна песна.

Текстот е запишан само со првата строфа и во бр. 346 „Коњот ќе продадам“, која во аудиоколекцијата се појавува под бр. 556 „Коње ќе продадам море“ во изведба на истиот пејач забележан и во мелограмот – Благој Трајче(в)ски. За жал, при преслушувањето, забележавме дека во мелограмот недостасува вториот дел од песната. Размислувавме дали да го мелографираме, но со оглед на исклучително богатиот орнаментиран материјал на пејачот, што бараше интервенции и во постоечкиот дел од мелограмот, одлучивме да ја оставиме оваа песна како во оставениот запис од Фирфов. Поради добивање претстава за текстот одлучивме него да го наведеме во овој предговор:

*– Коњоѿ ќе ѿродадам, моме, ајмана ќе одам,*
*– Не си ѿродавај од браѿа коња, сѐ заради мене лудо ѿоради мене. Ако сум ѿвоје речено, море бре лудо, сама ќе ѿи дојдам лудо, ѿвоја ќе бидам.*

Веќе е јасно дека и во оваа колекција, како што е реално и во практиката, богатството на народните песни, всушност, лежи во нивните варијанти. Како и во претходните предговори, и овде, повеќе пати се навраќавме на оваа тема, но само до нивото потребно за разбирање на овие мелограми.

Така, песните бр. 330 и бр. 349 се варијанти на една песна, со разлика во интонацијата од полустепен. Насловот во двата случаи би требало правописно да биде наведен како „Мало гратче“, но ги оставивме како што беа забележани *ѓрадче – ѓраѿче*. Во бр. 330 не е јасен почетокот на репетициите, иако е поставен граничник после вториот такт и очигледно може слободно да се додаваат првите два такта со извикот *Еј*.

Бр. 335 „Едно невевче Калешо“ се среќава како варијанта во аудиоколекцијата (бр. 439 „Една невеста калеша“) испеана од Бапчорки, со пократок текст и со музички промени.

Со забелешките во предговорите правиме пристапен чекор кон пообемната студија и расправа која треба да води кон дефинирање на основните модели од кои и во музичка и во текстуална смисла ќе се разгранууваат варијантите.

Како што се движиме кон крајот на објавувањето на оваа мелограмска колекција, (остануваат уште 33 песни за осмата книга), се зголемува бројот на песните кои се појавуваат идентично или како варијанти во целата колекција. Таква е и песната бр. 314 „Блазе тебе горо“ која е идентична со бр. 29 од првата книга.

Со завршувањето на осмата книга ќе можеме да ги сумираме забелешките и заклучоците изнесени за сите книги во предговорите. На тој начин, од сите предговори

несомнено ќе се оформи и мал теориски труд не само за *Мелоѓрамската колекција Фирфов*, туку и пошироко за карактеристиките на македонскиот музички фолклор.

Скопје, 4 септември 2024 година

Димитрије Бужаровски
Трена Јорданоска

## Предговор кон осмата книга

Со осмата книга од *Мелоѓрамскаѧа колекција* на Живко Фирфов се заокружува еден голем проект, кој за првпат во нашата средина преку електронско издание ги поврзува оригиналните мелограми, изработени пред пет (а некои и до девет) децении, и нивната обработка во нотен процесор. Бројката од 383 мелограми (и четири дополнителни мелограми и 17 текстови од песни), сама по себе говори за сложеноста на зафатот. Проектот започна во 2005 година, кога Ирена Митевска-Милевска ги скенира мелограмите и ги препиша во нотниот процесор Sibelius, и продолжи во 2023 година, кога започна подготовката за електронските изданија, која ја работеше Трена Јорданоска. Оваа финализација на проектот овозможи дополнително прочистување на материјалот и отстранување на грешки, нејасните музички и текстуални делови и нецелосните текстови од песните, особено преку споредбата со снимките од аудиоколекцијата Фирфов, во која се најдоа скоро половина од мелографираните песни. Мелограмите беа споредувани и со издадените збирки со македонски песни (издадени и во најголемиот дел мелографирани од Живко Фирфов). Финални интервенции беа направени и онаму каде што анализата на песните укажуваше дека е направена ненамерна грешка од страна на мелографот. Како што се напредуваше со издавањето на секоја книга, се стекнуваше искуство, особено преку компарациите со претходниот материјал, за ваквото натамошно прочистување, кое го објаснувавме во предговорите (кои видно се прошируваат со секоја следна книга). Очигледно беше – и за тоа веќе пишувавме во претходните предговори – дека овој мелограмски материјал не бил финализиран за објавување од страна на Живко Фирфов, туку се користел за снимање со ансамблите на МРТ. Затоа ја имавме тешката задача внимателно да ја реконструираме секоја песна така како што би ја подготвил Фирфов за печатење. Во финалните електронски изданија вклучивме вињети и илустрации, изработени од Дафина Јорданоска, кои значително го збогатија крајниот графички изглед.

Во овој предговор повторно ќе се осврнеме на нашите согледувања при подготовката на последните 33 песни од оваа колекција, вклучувајќи го и дополнителниот материјал што го содржат папките, во кои Фирфов го организирал и чувал.

Осмата книга од *Мелоѓрамскаѧа колекција* на Живко Фирфов започнува со две песни развиени во четиригласни композиции, на кои стои назнаката дека се напишани за КУД „Гоце Делчев“, и кои се надоврзуваат на последната песна од седмата книга, бр. 350 „Покрај Вичо планина“, која е со истите карактеристики. Двете композиции ги пронајдовме во аудиоколекцијата во изведба на Лета Барџиева. Песната бр. 351 „Имала мајка“, во аудиоколекцијата е бр. 709 „Имала мајка едно ми чедо“, и од таа интерпретација го реконструиравме текстот што недостасуваше. Фирфов ја запишал и хармонската придружба, која може да се користи за оркестар. Во бр. 352 „Збогум проштевај“, двете строфи се потпишани под нотите, но заради конзистентноста во бележењето, во дигиталниот мелограм потпишавме само еден текст. Аудиото за бр. 352 го лоциравме под бр. 720 во аудиоколекцијата, но оваа изведба се разликува од мелограмот. Барџиева го пее само вториот ред и не ги вклучува последните стихови: *расти го, расти машкото дете*…













Трите папки со мелограмите и тетратката со податоци за песните од аудиоколекцијата на Живко Фирфов

Следните три песни се запишани како едногласни, но при преслушувањето на аудијата, увидовме дека сите се снимени со инструментална придружба и е употребена полифона разработка. (Во претходните предговори веќе ги констатиравме композиторските постапки што Фирфов ги употребува во надградбата на основниот материјал – степенесто додавање на втор, трет и четврти глас во хомофон слог, но и користење на полифонија со бурдони и од канонски тип.)

Песната бр. 353 „Пролетале два галаба“, е поврзана со аудиото бр. 135 „Долетале два галаба“. Нејзината разработка во оваа исклучителна изведба, (која, секако, повторно потекнува од Фирфов), е во двоглас за женска пејачка група со придружба на два кавали. Во снимката, песната ја започнуваат кавалите со припев од последните два такта од песната, а потоа се изведува едногласно првата строфа со извик на крајот. Следува особено интересен двоглас и повторно припев од последните два такта. Групата од следните две строфи е поставена по ист принцип како и првите две. Во третата група, бидејќи недостасувала строфа, изведувачите ја повториле четвртата строфа (означена со курзивно писмо), со што онаа што Фирфов ја запишал како петта во снимената изведба станува шеста строфа. Во мелограмот во вториот такт, го алтериравме **е** во **es**, затоа што така се пее и на снимката. Како што кажавме, во снимката извикот *И!* се јавува помеѓу две строфи, односно меѓу првата и втората, меѓу третата и четвртата, и меѓу петтата и шестата. Она што го одвојува мелограмот од снимката е и 9/8 метар, додека во снимката песната е во 3/4. Вакви разлики во метрите среќаваме и кај други песни во оваа колекција, што говори за варијантите на песните и нивната флексибилност во третманот на метарот. И во овој случај, текстот во мелограмот беше проверен со аудиото и беа назначени варијациите во зборовите.

Песната бр. 354 „Шефтели Јано моме“, ја лоциравме како бр. 133 во аудиоколекцијата, но Фирфов не го навел насловот во тетратката што ја придружува неговата аудиоколекција. И кај оваа песна има разработено повеќегласие кое не е означено во мелограмот. Можеме да претпоставиме дека во нототеката на МРТ ќе се најдат обработките што ги правел Фирфов за пејачките групи и оркестарот на народни инструменти што му стоеле на располагање. Иако и оваа изворна верзија на песната е сама по себе многу впечатлива (особено е интересен прекинот, „гличот“, во средината на песната, по кое прекинатиот збор се завршува дури на крајот на песната), со композиторските интервенции на Фирфов – користењето на бурдонот, канонските имитации, сето доведено до триглас, вклучувајќи ја и инструменталната придружба – ја подига оваа прекрасна песна на уште едно ниво. Во оваа смисла, Фирфов оставил траен печат кој слободно може да се нарече *Фирфов идиом* во аранжирањето на македонската народна песна.

За бр. 355 „Отидов село“, се појавија две верзии на текстот, при што верзијата **Б** е онаа што одговара на снимката која ја лоциравме во аудиоколекцијата, бр. 125 „Отидов село Долнени“, во изведба на женска пејачка група и оркестар на народни инструменти. Во снимката, оркестарот го гради припевот од мелодиската линија на песната, така што традиционално се почнува транспонирано за кварта нагоре, и потоа, во повторувањето на припевот, се враќа во основната интонација пред почетокот на пеењето. Дополнително, во повторувањето во втората фраза е направена полифонија од бурдонски тип. Текстот со повторувањата и во овој случај беше утврден согласно со снимката. Инаку, оваа песна веќе беше коментирана кога


нејзина варијанта во двоглас се појави во шестата книга со бр. 270 „Отидов село Долнени, де“.

Мелограмите бр. 353, бр. 354 и бр. 355 се запишани на еден лист. Но, на задната страна, Фирфов навел список на шест песни, кои веројатно ги замислил како една целина.Тоа се песните „Нани ми Димче“ и Нани нанистан“, кои не се застапени во мелограмската колекција, песната бр. 30 „Стани ми стани Димитрија“ од првата книга, и разработените три песни кои одат еднаподруга во оваа книга: бр. 393 „Пролетале два галаба“, бр. 394 „Шефтели Јано моме“ и бр. 395 „Отидов село Долнени“. На листот се започнати да се мелографираат и други две песни. За првата не можеме да го утврдиме насловот бидејќи недостасува каков било текст. Другата песна е „Сношчи отиду кај либе“, но она што е запишано не е доволно за да се оформи мелограм. Оваа песна е дел од збирката *Сокол ми лета високо* (Доневски и Фирфов 1978) и во аудиоколекцијата се јавува под бр. 629, во изведба на Лета Барџиева. Ние веќе ја вклучивме со дигитален мелограм и во *Мултимедијалниот корпус на македонски народни песни* (MCMFS), во изведба на Мариана Бошковска.

Следните две песни се со испишан двоглас. За песната со бр. 356 „Садило моме“, во аудиоколекцијата лоциравме многу далечна текстуална варијанта во бр. 124 „Јана садила леле“, која целосно се разликува и во музичка смисла.

За бр. 357 „Добре дошле“ се појавија две аудио верзии кои одговараат на мелограмот. Првото аудио е бр. 131 „Еј, добро дошле китени сватови“, во кое настапува женска пејачка група во придружба на два кавали, со припев кој наликува на езгија. Во второто аудио, бр. 1062, настапува само женска пејачка група. Во забелешките кон касетата бр. 39, на која е снимена оваа песна, Фирфов го навел следниот коментар:

*Фолклорна група составена од американска младина која гаи балкански фолклор – Laduvane.За време на одморот доаѓаа во Скопје, Охрид, Преспа 3-4 години. Доаѓаа и во Југославија и Македонија на Балканските фестивали и други фестивали и симпозиуми. Многу сериозно учеа и кај нас песни и игри. Во оваа касета има песни и ора од целиот Балкан и, како што ќе чуете, резултатите се извонредни.*


КАСЕТА бр. 39
фолклорна група составена искучително од Американска младина кој гаи Балкански фолклор=LADUVANE
За време на одморот доаѓаа во Скопје, Охрид, Преспа 3-4 години
доаѓаа и во Југославија и Македонија на Балканските фестивали
и други фестивали и симпозиуми многу сериозно учеа
и кај нас песни и игри. во оваа касета има песни и ора од
целиот Балкан и како што ќе чуете, резултатите се извонредни

Следува група од три тригласни песни во манирот на Фирфов. Ниедна од овие песни не ја лоциравме со аудио пример. Најпрво е хумористичната песна бр. 358 „Прела баба пол година“, која е наменета за женска пејачка група и оркестар на народни инструменти. Потоа е бр. 359 „Димо љуби две моми“, која беше коментирана во претходната книга заедно со нејзината варијанта во бр. 328. Третата песна

е бр. 360 „Велјана на балкон седеше“. Овде недостасуваше насловот, па го поставивме првиот стих како наслов. Кај оваа песна, Фирфов не навел метар, но ставил тактови црти, и ние одлучивме да го оставиме мелограмот како што го забележал тој. Единствената интервенција ја направивме на местата каде што беа испуштени предзнаците, односно ги унифицираме секаде тоновите **es**, **as** и **b**.

Во бр. 361 „Слези Маро“ одговара на аудиото бр. 126 „Слези Маро од коња дорија“ со изведувачки состав од женска пејачка група, два кавали и тапан. Во мелограмот, Фирфов распишал цела партитура за оваа песна, и при нејзиното внесување во дигитален формат, го задржавме подредувањето на гласовите, иако е очигледно дека вокалот треба да биде во првото петолиние. Следејќи го ритмичкиот образец на тапанот, повеќе одговара записот да биде во 8/8.

Бр. 362 „Делба делила“ е поставена како двоглас. Во аудиоколекцијата се јавува под бр. 127 „Делба делила тај бела Ѓена“, во изведба на женска пејачка група и оркестар на народни инструменти. Текстот го има во две варијанти, и по преслушувањето увидовме дека аудиото е поврзано со втората текстуална варијанта. Кон текстот се појавуваат ситни забелешки во кои се набројуваат инструментите: кавал, гајда, тамбури, тапан, и графички ознаки за формата.

Од популарните песни изведувани до денес, под бр. 363 во оваа книга се јавува „Лажи, лажи Вере“. Во насловот во заграда е ставено името *Вене*.

Во бр. 364 „Една невеста со телојте на глава“, ги избришавме предзнаците **fis** и **g**, кои се подразбираа. Она што го забележавме е дека првиот дел од песната е во макамот хиџаз, а вториот во дур-мол низа. Во аудиоколекцијата се јавува песна бр. 1171 „Едно момиче на 16 години“, од која е снимена само една строфа, и не е доволна за споредби. Со оглед на тоа што не можевме да лоцираме поблиска варијанта на мелограмот, оставивме сè како што запишал Фирфов. Инаку, за оваа и следната песна, Фирфов запишал дека се *од фоно-збирката на Добрица Велкова од Прилеп* и ја внел годината *1975*.

Кај песната бр. 365 „Легнала Јана, заспала“ Фирфов не оставил назнака за метарот.

Кај мелограмот бр. 367 недостасува текстот и крајот на песната. Не е јасен и **b-moll** на почетокот на петолинијата, бидејќи во песната воопшто не се јавува тонот **b**. Од мелодиската линија не можевме да утврдиме за која песна се работи, и овој мелограм го оставивме во изворната верзија на Фирфов.

Бр. 368 „Апсана“ одговара на бр. 606 „Апсана ме кладе“ од аудиоколекцијата, во изведба на Бапчорки, која е вклучена во збирката *Сокол ми лета високо* (исто мелографирана од Фирфов) со пречистен текст. Овде ја задржавме верзијата од овој мелограм, вклучувајќи го и недовршениот припев. Инаку, песната е вклучена и во документарниот филм *Бајчорки*, изработен од Димитрије Бужаровски (2003), и во него оваа песна ја пеат Лета Барџиева и Доста Доневска.

Слична е состојбата со следниот мелограм, бр. 369 „Три години“, кој исто така се појавува во збирката *Сокол ми лета високо*. Неиспишаниот метар и недостатокот на текстот се само уште еден потврда дека дел од мелограмите во оваа колекција не се финализирани од различни причини. Затоа Фирфов го доработил и средил овој мелограм во изданието *Сокол ми лета високо*.

Во бр. 370 „Ој радениче“ недостасува текстот, но запишани се хармонските ознаки. Песната е развиена во триглас, за во два такта да се појави и четириглас.

Во Бр. 371 со наслов „Марш на паднатите“, претпоставуваме дека недостасува зборот *пролетери*. Станува збор за рускиот револуционерен марш *Вы жертвою пали* од 1878 година, кој на овие простори е познат како *Посмртен марш на пролетериште* или *Ленинов посмртен марш*, со препев на српскохрватски јазик. На задната страна на листот е забележано *Билеќанка, Интернационала*, што дава можност да се претпостави дека Фирфов правел програма за пригода.

Песната под бр. 372 „Се свалила Митра“ се појави во петтата книга два пати (бр. 222 и бр. 238), каде што беа коментирани интервенциите. Во однос на аудио верзиите, овој број одговара на изведбата на Бапчорки, во аудиоколекцијата под бр. 361, и од неа презедовме две строфи. И оваа песна е застапена во збирката *Сокол ми лета високо*, од каде може да се спореди текстот. Ако ги споредиме мелограмите, бр. 372 е тонално поврзан со бр. 222, каде што се јавува и целиот текст.

Бр. 373 „Бог да бие Тино“ е уште една песна која се јавува во збирката *Сокол ми лета високо*, но не можевме да лоцираме нејзина аудио верзија во аудиоколекцијата и затоа ја оставивме како што е забележана. И во овој случај не е запишан текстот, и затоа упатуваме на збирката.

